Република Северна Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**
Сектор за стратегија, планирање и следење

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## 2021-2023 ГОДИНА

**јануари, 2021**



Во современи услови на работење стратешкото планирање е од исклучителна важност за успешно управување со институциите од јавниот сектор, остварување на нивните претходно утврдени приоритети и служи како инструмент за обезбедување на отчетност и транспарентност во нивното работење.

Оттука, воспоставениот систем на стратешко планирање во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како дисциплиниран процес за донесување на темелни одлуки, успешно се применува за остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на институцијата, а со јавното објавување на овој документ ја потврдуваме заложбата за транспарентност и отчетност во нашето работење.

Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2021-2023 година е во функција на остварување на нашата мисија, односно обезбедување висококвалитетна, стручна, професионална и ефикасна поддршка на Владата на Република Северна Македонија и реализација на нејзините приоритети и приоритетни цели.

**Скопје,**
**јануари 2021 година**

**Влада на Република Северна Македонија**
**Генерален секретар**
**Мухамед Зеќири**

## 1.1. ВОВЕД

Генералниот секретаријат на Владата на РСМ - Секторот за стратегија, планирање и следење е одговорен за обезбедување на координација и усогласеност на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа со стратешките приоритети на Владата на РСМ со буџетскиот процес како и со подзаконските акти со којшто е утврден процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа на органите на државната управа како и следење на нивното спроведување, оценување на постигнатите резултати и известувањето во однос на истите.

Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст – Генералниот секретаријат) за периодот 2021-2023 година е креиран согласно специфичниот карактер на институцијата која како стручна служба во рамките на Владата извршува координација и обезбедува кохерентност во спроведувањето на нејзините политики, предложени од министерствата и другите органи на државната управа. При подготовката на овој Стратешки план за основа беа земени стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија и визијата на Генералниот секретаријат која е насочена кон обезбедување висококвалитетна, стручна, професионална и ефикасна поддршка на Владата.

**Во првиот дел од стратешкиот план** е разработена фазата на анализа на состојба, утврдена е мисијата, визијата, задачите и обврските на Генералниот секретаријат, неговата специфичност и структура како и приоритетите и целите на институцијата.
Во функција на реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, во Стратешкиот план се утврдени **5 (пет) стратешки приоритети: Унапредување на координацијата на функционалниот процес на стратешко планирање; Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација; Подобрена стручна и логистичка поддршка при подготвувањето на седниците на Владата; Системско подобрување на квалитетот на правната рамка во функција на подобрување на деловната клима и Континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура.**
За спроведувањето на овие приоритети се утврдени вкупно **15 (петнаесет) цели.** Во овој дел даден е осврт на постигнатите резултати во 2019 година и во 2020 година и се претставени стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РСМ за 2021 година и на приоритетите и целите на Генералниот секретаријат. Притоа, со стратешкиот план се креирани вкупно **5 (пет) стратешки програми**: стратешко планирање; анализа на политиките и координација; стручна и логистичка поддршка во организирањето на седници на Владата; деловно опкружување и регулаторна реформа и осовременување на информациско-

комуникациската инфраструктура кои се разработени во **15 (петнаесет) потпрограми**.

**Во вториот дел од стратешкиот план** даден е преглед на плановите за спроведување на стратешките програми и потпрограмите, нивната поврзаност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како и поврзаноста со стратешките приоритети и цели на Генералниот секретаријат. Притоа, согласно член 9 – став 1 од Упатството за постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија бр. 131/18“) се имаа во предвид дефинираните цели на ниво на програма - да бидат конкретни, остварливи, реални, мерливи и да содржат временска рамка за нивно спроведување, а за секоја од програмите и потпрограмите утврдени се соодветни показатели на успешност, конкретни активности, одговорни и консултирани страни, временската рамка како и потребни човечки и финансиски ресурси за нивното спроведување.

Влијанијата врз човечките ресурси се разработени **во третиот дел од стратешкиот план** каде што одделно за секоја од програмите е дадена потребата од нови вработувања, прераспределба на вработените како и потребите од обука за вработените.

**Во петтиот и шестиот дел од стратешкиот план** се дадени принципите на правична застапеност и родовата перспектива, односно принципот на еднакви можности на жените и мажите.

**Во шестиот дел од стратешкиот план** се развиени заедничките функции како што се развивањето на политиките, стратешко планирање/подготвувањето на буџетот, извршувањето на буџетот и управувањето со средствата, управувањето со човечките ресурси, управувањето со информациските технологии и внатрешната ревизија.

Составен дел на планот се ризиците кои се утврдени на ниво на стратешкиот план на Генералниот секретаријат и на ниво на стратешки програми.

Упешната реализација на Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2021-2023 година, ќе зависи од посветеноста на сите вработени кои при извршувањето на секојдневните работни задачи и активности треба да ги имаат предвид стратешките приоритети и цели на институцијата.

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО РАМКИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

### 1.2.1. ПОЈДОВНА ОСНОВА

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата која обезбедува логистичка и стручна поддршка на Владата во целина, на претседателот на Владата, замениците на претседателот на Владата и министрите, а со цел законито, ефикасно и транспарентно работење на Владата.

Генералниот секретаријат остварува соработка и координација со министерствата и другите органи на државната управа и за прашањата за стратешките приоритети на Владата; го координира предлагањето, донесувањето и следењето на извршувањето на Годишната програма за работа на Владата; ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализата на политиките на Владата; оперативно ја следи и известува Владата за остварувањето на заклучоците на Владата; обезбедува ефикасна подготовка и одржување на седниците на Владата и на нејзините работни тела; обезбедува информации за јавноста; остварува соработка со Стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија, со Претседателот на Република Северна Македонија и со стручните служби на други органи на државната власт, како и со граѓанските организации и други правни лица; врши други стручни и логистички работи утврдени со Деловникот за работа на Владата, како и други работи кои ќе ги определи Владата.

### 1.2.2. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА

Основните правни акти со кој е регулирано функционирањето на Генералниот секретаријат се **Законот за Владата на Република Северна Македонија** („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19), **Законот за организација и работа на органите на државната управа** („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) и **Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08,

42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19, 72/20 и 215/20).

Генералниот секретаријат е **координатор на процесот на стратешко планирање на централно ниво** и следење и во оваа насока покрај погоре спомнатите правни акти, основната правна рамка со кој е регулиран овој процес ги опфаќа и следните документи:

- **Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година**, септември, 2020 година**;**
- **Законот за буџетите** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 112/20);
- **Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023**, јули 2020;
- **Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 223/19);
- **Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа** („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18);
- **Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа** (Службен весник на Република Македонија бр.131/18);
- **Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22/19);
- **Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)**;
- **Долгорочните и среднорочните стратешки документи на Владата**.

Процесот на стратешко планирање претставува механизам кој и овозможува на Владата на Република Северна Македонија врз основа на претходно издржана анализа да ги утврди приоритетите, приоритетните цели и политиките

во функција на нивно остварување во рамките на буџетскиот процес и соодветно на тоа ефикасно да алоцира соодветни ресурси за нивно спроведување.
Со интегрирањето на процесот на стратешко планирање и буџетскиот процес се зголемуваат капацитетите и ефикасноста за спроведување на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Северна Македонија.

Стратешкото планирање во Република Северна Македонија на централно ниво претставува процес на континуирано планирање во среднорочна тригодишна рамка, а овој начин на планирање е основа за поинакво управување во министерствата и другите органи на државната управа и овозможува успешноста на нивната работа да се мери не со потрошените финансиски ресурси, туку со постигнатите резултати, односно дали резултатите ја подобриле состојбата во областа за која министерството е надлежно.

## 1.2.3. АНАЛИЗА НА РЕСУРСИТЕ

### 1.2.3.1. ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Генералниот секретаријат се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија - Буџетска  Програма 1, Потпрограма 10-Администрација, а дел од проектите кои се спроведуваат се финансираат преку средства обезбедени од донатори (пр. ИПА, Зелен климатски фонд).

### 1.2.3.2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Од аспект на приципот на еднакви можности на жените и мажите Генералниот секретаријат подготви Оперативен план за 2020 година за имплеметација на Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020. Притоа, и во натамошниот период ќе продолжи со почитување на принципот на еднакви можности, односно со почитување на родовата перспектива во сите чекори и нивоа на програмите, потпрограмите, мерките и активностите.

Квантитативно изразено, од вкупно 267 вработени, 153 или 57,30% се жени, а 114 или 42,70% се мажи. Подетално податоците од аспект на родовата застапеност по одделни звања се дадени во Табелата бр 1.

| Звање | Ниво | ЖЕНИ | МАЖИ | ВКУПНО | Жени % |
|---|---|---|---|---|---|
| Државен советник | Б1 | 12 | 13 | **25** | 48% |
| Раководител на сектор | Б2 | 5 | 4 | **9** | 56% |
| Помошник раководител на сектор | Б3 | 17 | 12 | **29** | 59% |
| Раководител на одделение | Б4 | 10 | 11 | **21** | 48% |
| Советник | В1 | 23 | 18 | **41** | 56% |
| Виш соработник | В2 | 10 | 7 | **17** | 59% |
| Соработник | В3 | 9 | 4 | **13** | 69% |
| Помлад соработник | В4 | 38 | 27 | **65** | 58% |
| Самостоен референт | Г1 | 19 | 8 | **27** | 70% |
| Виш референт | Г2 | 2 | 0 | **2** | 100% |
| Референт | Г3 | 1 | 1 | **2** | 50% |
| Помлад референт | Г4 | 7 | 9 | **16** | 44% |
| ВКУПНО: | - | 153 | 114 | 267 | 57% |
| | | 57,30 | 42,70 | | 100 |

***Табела бр. 1*** *– Број на вработени во Генералниот секретаријат од аспект на родовата перспектива*

## 1.2.4. PESTLE АНАЛИЗА (АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ, ЕКОНОМСКИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ, ТЕХНОЛОШКИТЕ, ПРАВНИТЕ И ЕКОЛОШКИТЕ ФАКТОРИ)

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори или уште позната под акронимот PESTLE (Political, Economic, Social, Technological, Legal, Environmental) анализа е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на екстерните фактори врз работењето на Генералниот секретаријат.

Оттука, од аспект на **политичките фактори** кои имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретраијт како побитни се:

- стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија и
- заклучоците кои произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Генералниот секретаријат, во согласност со неговите надлежности.

Позначајни **економски фактори** кои имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретаријат се:

- финансиски средства во Буџетот на РСМ и
- можностите за обезбедување на финансиски средства од разни донатори во врска со спроведување на одредени проектни активности.

Фактори од **социјалната природа** кои имаат влијание врз работата на Генералниот секретаријат се:

- влијанието на граѓанскиот сектор и
- информирањето на медиумите за работата на Генералниот секретаријат.

Како побитен **технолошки фактор** кој имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретаријат е:

- напредокот на технологија и технолошки процеси.

Од аспект на **правните фактори** кои имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретаријат како побитни се:

- општите законски и подзаконски акти;
- NPAA – Националната програма за усвојување на законодавството на Европската Унија и
- меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) и активности на меѓународно ниво.

Побитен **еколошки фактор** кој влијае врз работата на Генералниот секретаријат е:

- обврската за заштитата на животната средина и воведување на стандарди за нејзина заштита.

| ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ | ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ | СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ | ТЕХНОЛОШКИ ФАКТОРИ | ПРАВНИ ФАКТОРИ | ЕКОЛОШКИ ФАКТОРИ |
|---|---|---|---|---|---|
| • стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија;<br><br>• заклучоците кои произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Генералниот секретаријат, во согласност со неговите надлежности. | • финансиски средства во Буџетот на РСМ;<br><br>• можностите за обезбедување на финансиски средства од разни донатори во врска со спроведување на одредени проектни активности. | • влијанието на граѓанскиот сектор;<br><br>• информирањето на медиумите за работата на Генералниот секретаријат на ВРСМ. | • напредокот на технологија и технолошки процеси. | • општите законски и подзаконски акти;<br><br>• NPAA – Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија;<br><br>• меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) и активности на меѓународно ниво. | • обврската за заштитата на животната срдина и воведување на стандарди за нејзина заштита. |

***Табела бр. 2*** *– PESTLE анализа на ниво на Генералниот секретаријат*

## 1.2.5. SWOT АНАЛИЗА НА НИВО НА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

SWOT (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats) или анализата на предностите (силните страни), слабостите (слабите страни), можностите и опасностите (заканите) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на внатрешните фактори врз работењето на Генералниот секретаријат.

**Предностите** на Генералниот секретаријат се:

- воспоставен функционален систем на стратешко планирање на централно ниво;
- јаки административни капацитети за стратешко планирање во Генералниот секретаријат;
- реално остварени резултати и спроведени консултативни обуки за јакнење на административните капацитети за стратешко планирање на административните службеници на централно ниво;
- соодветна правна рамка (законски и подзакосни акти) усогласена со ЕУ легислативата;
- соодветно едуциран и обучен кадар;
- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски.

**Слабостите (слабите)** страни на Генералниот секретаријат се:

- недостаток на човечки ресурси во одделни сектори;
- мал број на вработени во Секторот за стратегија, планирање и следење;
- недоволни административни капацитети за стратешко планирање и нивна флуктуација.

Како **можности** за подобрување на постојната состојба на Генералниот секретаријат се:

- можност за надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените преку обуки во одделните сектори;
- развој на соодветни административни капацитети во министерствата и другите органи на државната управа за стратешко планирање;
- Ресертификација, согласно барањата на новите верзии на стандардите ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015.

ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ)

- одлив на постојните кадри од министерствата и другите органи на државната управа кои непосредно се вклучени во процесот на стратешко планирање.

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| • воспоставен функционален систем на стратешко планирање на централно ниво;<br>• јаки административни капацитети за стратешко планирање во Генералниот секретаријат;<br>• реално остварени резултати и спроведени консултативни обуки за јакнење на административните капацитети за стратешко планирање на административните службеници на централно ниво;<br>• соодветна правна рамка (законски и подзакоснки акти) усогласена со ЕУ легислативата;<br>• соодветно едуциран и обучен кадар;<br>• посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски. | • недостаток на човечки ресурси во одделни сектори;<br>• мал број на вработени во Секторот за стратегија, планирање и следење;<br>• флуктуација на административни капацитети во министерствата и органите на државната управа за креирање и анализа на политики и стратешко планирање. |
| **МОЖНОСТИ** | **ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ)** |
| • можност за надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените преку обуки во одделните сектори;<br>• развој на соодветни административни капацитети | • флуктуација на постојните кадри од министерствата и другите органи на државната управа кои непосредно се вклучени во процесот на анализа и креирање на политики и стратешко |

| | |
|---|---|
| во министерствата и другите органи на државната управа за креирање и анализа на политики и стратешко планирање;<br>• ресертификација, согласно барањата на новите верзии на стандардите ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015. | планирање. |

*Табела бр. 3 – SWOT анализа на ниво на Генералниот секретаријат*

## 1.2.6. ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

### Програма 1 - СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

***Потпрограма 1:* Поврзување на стратешките приоритети на Владата и Буџетот**

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани активности и тоа:**

- Подготвен е финалниот текст на Стратешкиот план на Генералниот Секретаријат на ВРСМ за периодот 2020-2022 и истиот е објавен на web локацијата на Владата;
- Подготовен е Годишниот план за работа за 2020 година на ГСВРСМ и истиот е објавен на web локацијата на Владата;
- Подготвен е Извештај за спроведување на годишниот план за работа на Генералниот секретаријат за 2019 година;

- Подготвена е Анализата за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2019 година која беше разгледана и усвоена од страна на Владата на РСМ на седницата одржана на 6.10.2020 година;
- Подготвена е Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 година која беше разгледана и усвоена од страна на Владата на РСМ на седницата одржана на 6.10.2020 година;
- Подготвен е Нацрт-стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ за периодот 2021-2023;
- Подготвен е Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година и
- Се усогласи Нацрт-стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ за периодот 2021-2023 со Буџетот на РСМ.

***<u>Потпрограма 2:</u> Јакнење на административните капацитети за стратешко планирање***

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани активности и тоа:**

- Давање на совети/насоки и испорака на обуки на барање на министерствата и другите органи на државната управа и
- Консултативни состаноци во врска со координација на процесот на стратешко планирање и следење на централно ниво (се одржува дневна комуникација и соработка со ОДУ и во просториите на ВРСМ - Сектор за стратегија, планирање и следење се одржуваат редовни работни состаноци на кои вработените во Секторот и Државниот советник за стратешко планирање и следење даваат насоки и коментари во врска со барањата кои произлегуваат од процесот на стратешко планирање).

***<u>Потпрограма 3:</u> Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија***

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани активности и тоа:**

- Подготвена е Предлог-програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година која од страна на Владата беше разгледана и усвоена на седницата на Владата одржана на 21.01.2020 година и Усвоената Годишна програма е објавена на веб локацијата на Владата на Република Северна Македонија;
- Подготвена е Предлог-Програма за работа на Владата на РСМ за 2021 година во Електронскиот систем за стратешко планирање.
- Законодавните Агенди не се подготвени за периодот 1.01.-31.12.2021 година затоа што во овој период функционираше Техничката Влада и новонастанатата КОВИД 19 пандемија, која наметна донесување на уредби со законска сила во функција на спречување на ширењето на пандемијата.

**Планиран резултат на ниво на програмата:** Подготвување на квалитетни и реално спроведливи стратешки планови на буџетските корисници согласно барањата на новата правна рамка и подобрена имлементација, евалуација и известување во функција на реализација на стратешки приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

**Показател на успешност:** Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на стратешките приоритети и цели на Владата.

*<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамките на Програмата - Стратешко планирање и следење* ***реализирани се сите активности кои беа планирани заклучно со 31.12.2020 година*** *и оттука истата* ***во целост придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РСМ и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.***

<u>Програма 2 – АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ И КООРДИНАЦИЈА</u>

***<u>Потпрограма 1:</u> Градење институционални капацитети за анализа на политиките и координација***

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани активности и тоа:**

- Воспоставување на функционален систем на анализа на политиките и координација и

- Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања и подготовка на извештаи за информирање на Владата.

## *<u>Потпрограма 2:</u> Квалитетно спроведување и успешно следење на ИСО стандардите во Владата на Република Северна Македонија*

**Во рамките на оваа Потпрограма не се преземени активности во текот на 2020 година.**

## *<u>Потпрограма 3:</u> Соработка со граѓанскиот сектор*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани континуирани активности и тоа:**

- Координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 и подготовка на извештаи за информирање на Владата;
- Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и подготовка на извештаи за информирање на Владата;
- Административно- техничка поддршка на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор;
- Административно-техничка поддршка на Комисијата за организации со статус од јавен интерес;
- Административно-техничка поддршка на Комисијата за распределба на средства од Буџетот на РСМ наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации и
- Одржување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk).

## *<u>Потпрограма 4:</u> ИПА проекти*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани активности и тоа:**

- Следење на одржливоста на проектните цели на 15 договори за грант од ИПА ТАИБ 2013 грантовата шема „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ“ и
- Следење на спроведувањето и одржливоста на проектните цели на 10 договори за грант од ИПА ТАИБ 2013 „Грантова шема за имплементација на проекти за зголемување на конкурентноста во земјата“.

**Планиран резултат на ниво на програмата:** Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација на Генералниот секретаријат и органите на државната управа, со цел донесување квалитетни, кохерентни и координирани одлуки на Владата; квалитетно спроведување и успешно следење на ИСО стандардите во Владата на Република Северна Македонија и унапредување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор, преку вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики и создавање услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор.

**Показател на успешност:** Создадени функционални капацитети за анализа на политиките и координација.

***<u>ОЦЕНКА:</u>*** *Во рамките на Програмата – Анализа на политиките и координација од вкупно планирани 15 (петнаесет) активности, реализирани се 10 (десет), а 5 (пет) активности не се реализираа во текот на 2020 година, оттука оваа Програма* ***во голем дел придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РСМ и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.***

## <u>Програма 3 – СТРУЧНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА СЕДНИЦИ НА ВЛАДАТА</u>

Мерките и активностите од оваа програма се во функција на унапредување на процесот на подготвување и организирање на седниците на Владата во смисла на целосна примена на порталот е – Влада, следење на степенот на реализацијата на заклучоците на Владата, реализацијата на обврските кон Собранието на Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија, подготвување на Предлог-дневен ред за седница на Владата, работните тела и Генералниот колегиум на државни секретари, дистрибуирање на материјалите до членовите на Владата, државните секретари на министерствата по електронски пат и во хартиена форма, обезбедување стручна поддршка и информации на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и членовите на

Владата за време на одржувањето на седниците на Владата, подготовката на заклучоци, акти, мислења, одговори на пратенички прашања, писма и друго согласно ставовите на Владата и нивно доставување до министерствата, Собранието на Република Северна Македонија, Претседателот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и други државни органи и институции.

## Програма 4 – ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ И РЕГУЛАТОРНА РЕФОРМА

### *Потпрограма 1: Платформа за мали и средни претпријатија/развој на приватниот сектор како дел од Инвестиционата Рамка за Западен Балкан - WBIF (Western Balkan Investment Framework*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се сите планирани активности и тоа:**

- Фонд за иновации (Enterprise Innovation Fund – ENIF);
- Фонд за експанзија (Enterprise Expansion Fund – ENEF);
- Компонента за гаранции (Guarantee Facility – GF) и
- Компонента за техничка помош (TA Facility).

### *Потпрограма 2: План за економски раст*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година успешно се спроведуваат активностите:**

- Мерки за поддршка на инвестициите (Закон за финансиска поддршка на инвестиции) и
- Мерки за поддршка на МСПК (Програма за поддршка на МСП на ФИТР).

### *Потпрограма 3: Зголемување на конкурентноста на македонската економија*

Реализација на мерките од Акциски план на Стратегијата за конкурентност на македонската економија е следна:

- Реализирани мерки се вкупно 32, односно 71%

– Во тек на реализирација се 12 мерки или 27%
– Нема да се реализира една мерка или 2%
– Вкупно мерки во Акцискиот план се 45

Со оглед дека оваа Потпрограма завршува во 2020 година, останатите мерки кои се во тек на реализиција ќе бидат реализирани од страна на надлежните институции. Исто така, некои од мерките ќе бидат преземени во рамки на подготовката на новата стратегија во секторот- Стратегијата за паметна специјализација.

## *Потпрограма 4: Локална и регионална конкурентност во туризмот*

Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година статусот на реализација на активностите е во напредна фаза. Забележано е одредено пролонгирање поради Ковид19 пандемијата, но планот за реализација се одвива согласно активностите дефинирани во истиот. Сите 3 активности во рамки на Потпрограма 4 се реализираа во 2020 год.

- Градење капацитети на институции за спроведување политики за локална и регионална конкурентност во областа туризам;
- Инфраструктурни проекти за поддршка на туризам и
- Воспоставување организации за управување со дестинации

## *Потпрограма 5: Функционалност на Национален совет за одржлив развој и имплементација на Националната стратегија за одржлив развој*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година** сите 3 (три) активности:.

- Зајакнување на Националниот совет за оддржлив развој и неговата позиција и улога, вклучително и на Техничка работна група;
- Воспоставување на механизам за имплемента-ција на Целите за одржлив разовј и Агендата на ОН 2030 и
- Имплементација на Целите за одржлив разовј и Агендата на ОН 2030,

се реализираа во 2020 год. Имплементацијата на Целите за одржлив разовј и Агендата на ОН 2030 продолжува и понатаму.

***Потпрограма 6:*** ***Функционалност на Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија и воспоставување Систем за координација во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија***

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се двете активности:**

- Консолидација на Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија и зајакнување на неговата позиција и улога и
- Подобрување на капацитетите за спроведување на политиката на рамномерен регионален развој на регионалните единици,

Реализацијата на овие активности продолжува и во 2021 година.

***Потпрограма 7:*** Искористување на можностите на Зелениот климатски фонд

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година реализирани се трите активности:**

- Проект: Поддршка за менаџирање на ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд;
- Развој на проектна документација за обезбедување поддршка за развој на Национален план за адаптација кон климатските промени и
- Развој на проектна документација за Предлог-проект за Приспособување на ризикот од климатски промени од големи поплави во урбаните и рурални области.

Реализацијата на овие активности продолжува и во 2021 година.

**Планиран резултат на ниво на програмата:** Промоција и стимулирање на развојот на конкурентноста и продуктивноста на македонската економија.

**Показател на успешност:**

- Раст на реален БДП од 3,2%, намалување на стапката на невработеност на ниво под 17%;
- Раст на просечната нето-плата од 4,5% на номинална основа.

***ОЦЕНКА:*** *Стратешката Програма - Деловно опкружување и регулаторна реформа* ***во поголем дел придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РСМ и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.***

## Програма 5 – РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

### *Потпрограма 1: Надградба на ИКТ инфраструктура*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година се реализираше континуираната активност:**

- Поврзување и надградба на мрежната инфраструктура во Генералниот секретаријат

### *Потпрограма 2: Изградба на податочен центар на Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија и негово ставање во функција*

**Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година започна реализацијата на активноста:**

- Изградба на систем сала (оваа активност продолжи да се реализира и во наредниот период)

*<u>Потпрограма 3:</u> Софтвер и ИКТ услуги*

Во рамките на оваа Потпрограма заклучно со декември 2020 година се реализираа континуираните активности:

- Објавување на тендер за набавка на софтвер и ИКТ услуги
- Избор на најповолна понуда за софтвер и ИКТ услуги
- Набавка на софтвер и ИКТ услуги

**Планиран резултат на ниво на програмата:** Зголемена ефикасност и ефективност во работењето засновано на електронско работење.

Показател на успешност:
- Поедноставени процеси во работењето;
- Зголемено ниво на достапност на ИКТ сервисите;
- Зголемено ниво на безбедност на податоците.

*<u>ОЦЕНКА:</u>* ***Стратешката програма*** *- Развој и унапредување на информациско-комуникациската структура* ***во најголем дел придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РСМ и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.***

## 1.3. МИСИЈА

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија, чија основна задача е да обезбеди стручна и логистичка поддршка за потребите на Владата на Република Северна Македонија, Претседателот на Владата, замениците на Претседателот на Владата и на членовите на Владата во насока на остварување на нивните надлежности утврдени со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

## 1.4. ВИЗИЈА

Обезбедување висококвалитетна, стручна, професионална и ефикасна поддршка на Владата на Република Северна Македонија, препознатлива по ефикасност, ефективност, транспарентност и отчетност во спроведувањето на нејзините програмски определби и политики.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

Задачите и обврските на Генералниот секретаријат се утврдени со Законот за Владата на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија и Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.
Основните обврски и задачи на Генералниот секретаријат се во функција на:

- Координација на процесот на стратешкото планирање на централно ниво и негово усогласување со буџетскиот процес;
- Анализа на политиките и координација;
- Стручна поддршка во подготвување и одржувањето на седниците на Владата и на работните тела на Владата;
- Јакнење на соработката со невладините организации и други правни лица;
- Координација во привлекување инвестиции од страна на јавните институции;

- Координација со институции задолжени за привлекување  странски инвестиции за организација на настани од овој вид во селектирани земји;
- Развој и управување со човечките ресурси;
- Развој и искористување на информатичката  инфраструктура;
- Транспарентност на работењето на Владата и развивање на односите со јавноста.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија која извршува координација во функција на обезбедување кохерентност во спроведувањето на политиките на Владата, предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

# 1.7. СТРУКТУРА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
- Одделение за ревизија на усогласеност (регуларност), ревизија на системите за внатрешна конрола и ИТ ревизија
- Одделение за следење на препораките на Државниот завод за ревизија
- Одделение за финансиска ревизија и ревизија на успешност на работењето

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Државни советници

**Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар, заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и министрите без ресор**
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија
- Одделение за стручно-оперативна и логичка поддршка на заменикот на генералниот секретар
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за странски и домашни инвестиции
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за странски инвестиции
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор (декада на Ромите)
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за промоција на деловната клима за привлекување странски инвестиции
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за привлекување на странски инвестиции
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и промоција на бизнис - климата на Република Северна Македонија
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот координатор за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија

**Сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата**
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за политички систем
- Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за економски систем и тековна економска политика
- Одделение за записници, заклучоци и други акти на Владата
- Одделение за соработка со Собранието на Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија
- Одделение за затворени седници

**Сектор за организациони работи, прием и достава на материјали во владина постапка**
- Одделение за прием на материјали во владина постапка
- Одделение за достава на материјали во владина постпака

**Сектор за стратегија, планирање и следење**
- Одделение за стратешко планирање и следење
- Одделение за подготовка и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата

**Сектор за анализа на политиките и координација**
- Одделение за следење и квалитетно спроведување на ИСО стандардите и заедничка рамка за процена (ЦАФ)
- Одделение за соработка со невладини организации
- Одделение за ИПА

**Сектор за човечки ресурси**
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Одделение за оценување и стручно оспособување
- Одделение за стручно - оперативна и логистичка поддршка на Комисија за именување

**Сектор за финансиски работи**
- Одделение за координација и подготовка на буџет, контрола на финансиската документација и следење на реализација на буџетот
- Одделение за сметководство и плаќања

**Сектор за јавни набавки**
- Одделение за спроведување постапки за јавни набавки
- Одделение за планирање на јавните набавки и следење на реализација на договорите

**Сектор за правни работи**
- Одделение за нормативно - правни работи
- Одделение за претставки и предлози и информации од јавен карактер
- Одделение за посебни комисии

**Сектор за координација со проекти и други стручни работи**
- Одделение за стручна подготовка и координација на проекти
- Одделение за други стручни работи од делокругот на работа на Генералниот секретаријат

**Сектор за информатичка технологија**
- Одделение за организација, планирање, проектирање и развој
- Одделение за информатичка инфраструктура и експлоатација
- Одделение за веб и мултимедија

**Сектор за документација и библиотека**
- Одделение за канцелариско и архивско работење
- Одделение за библиотекарско работење и публикации

**Сектор за протокол и преведување**
- Одделение за протокол
- Одделение за преведување

**Сектор за односи со јавноста**
- Одделение за односи со медиумите, координација и организација на информативни активности
- Одделение за медиумско следење, анализа и истражување
- Одделение за интернет комуникација и комуникација со странски медиуми
- Одделение за информативно-промотивна дејност

**Сектор за општи работи**
- Одделение за општи и нормативни работи
- Одделение за стручни и административно - технички работи
- Одделение за заеднички работи
- Одделение за одржување и ракување со техничка опрема
- Одделение за стручно - оперативна и логистичка поддршка на Комитетот за водење истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем

**Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции**
- Одделение за тековни економски политики
- Одделение за регионален и одржлив развој
- Одделение за следење и анализа на државните стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународната заедница
- Одделение за структурни реформи и регулатива
- Одделение за јавно приватно партнерство и инвестиции
- Одделение за стручно - оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ

**За реализација на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат за периодот 2021-2023 година има утврдено 5 (пет) приоритети за чиешто спроведување се утврдени 15 (петнаесет) цели и тоа:**

### ПРИОРИТЕТ БР. 1 - УНАПРЕДУВАЊЕ НА КООРДИНАЦИЈАТА НА ФУНКЦИОНАЛНИОТ ПРОЦЕС НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

**Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на 4 (четири) цели:**

- подобрување на квалитетот на процесот на стратешко планирање и зајакнување на интеграцијата со буџетскиот процес;
- зголемување на институционалните капацитетите за подготвување и спроведување на стратешкиот план и Годишниот план за работа, оценување и известување на постигнатите резултати;
- одржување на дневна комуникација и соработка со организационите единици за стратешко планирање преку консултативно советодавни  работни средби;
- подобрување на координацијата на процесот на електронско подготвување и следење на спроведувањето годишната Програма за работа на Владата.

### ПРИОРИТЕТ БР. 2 - РАЗВИВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ И КООРДИНАЦИЈА

**За реализација на овој приоритет се утврдени 3 (три) цели:**

- донесување квалитетни и кохерентни одлуки на Владата;
- обезбедување координација при усогласување на мерките и активностите за остварување на политиките;

- унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

## ПРИОРИТЕТ БР. 3 - ПОДОБРЕНА СТРУЧНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ПРИ ПОДГОТВУВАЊЕТО НА СЕДНИЦИТЕ НА ВЛАДАТА

- унапредување на подготвувањето и организирањето на седниците на Владата;
- навремено и квалитетно подготвување на актите, заклучоците и записниците од седниците на Владата, на работните тела на Владата и Генералниот колегиум на државните секретари;
- ефективна и ефикасна соработка со службата на Собранието на Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија;
- зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето.

## ПРИОРИТЕТ БР. 4 - СИСТЕМСКО ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРАВНАТА РАМКА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА

**Реализацијата на овој приоритет треба да се оствари преку 3 (три) цели и тоа:**

- натамошно подобрување на бизнис климата и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси;
- зголемување на конкурентноста и продуктивноста на македонските компании и
- зголемување на обемот на странските и домашни инвестиции.

## ПРИОРИТЕТ БР. 5 - КОНТИНУИРАНО ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

**Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на 1 (една) цел:**

- одржување и надградба на информациско - комуникациска инфраструктурата.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2019 ГОДИНА

### Програма 1 - Стратешко планирање

**Генералниот секретаријат на Владата како стручна служба на Владата во текот на 2019 година преку Секторот за стратегија, планирање и следење** продолжи да ја обезбедува координацијата на стратешкото планирање во министерствата и органите на државната управа.

Во рамките на оваа стратешка Програма, Секторот за стратегија, планирање и следење во текот на јануари го усогласи **Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија 2019-2021** година со одобрениот Буџет и го објави на веб локацијата на Владата на РСМ. Во функција на операционализија на мерките и активностите содржани во стратешките програме се подготви **Годишниот план за работа за 2019 година на Генералниот секретаријат на ВРСМ** и истиот е објавен на веб локацијата од Владата.
Подготвена е **Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година** и истата е разгледана и усвоена на седницата на Владата одржана на 8.01.2019 година. Усвоената Годишна програма е објавена на веб локацијата на Владата на Република Северна Македонија. Во текот на мај-јуни се изврши ажурирање на Програмата за работа на Владата за 2019 година; подготвена е **Анализата за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2018 година** која беше разгледана и усвоена од страна на Владата на РСМ на седницата одржана на 30.04.2019 година; подготвен е **Годишниот извештај за степенот на реализација на ГПРВРСМ, со мониторинг индикатори за 2018** година кој беше разгледан и усвоен на 128-та седница на Владата одржана на 1.04.2019 година.

Подготвена е **Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2020 година** која беше разгледана и усвоена од страна на Владата на РСМ на седницата одржана на 30.04.2019 година и Подготвен е **Нацрт-стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ за периодот 2020-2022**; беа организирани и спроведени 2 (две) работилници од областа на стратешко планирање на тема - „Новините во процесот на стратешко планирање"; беше организирана и спроведена е работилница во врска со новиот циклус на стратешко планирање и презентирање на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2020 година и се испорачаа

обуки во министерствата и другите органи на државната управа (организирани се обуки на барање на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука, со својство на правно лице, на Министертвото за култура и Државната комисија за борба против корупцијата). Воедно се одржува дневна комуникација и соработка со ОДУ и во просториите на ВРСМ - Сектор за стратегија, планирање и следење се одржуваат редовни работни состаноци на кои вработените во Секторот и Државниот советник за стратешко планирање и следење даваат насоки и коментари во врска со барањата кои произлегуваат од процесто на стратешко планирање и буџетскиот процес, согласно новата правна рамка за стратешко планирање).

Во рамките на јакнење на соработката помеѓу Собранитео на РСМ и Владата на РСМ почнувајќи од февруари 2019 година, (па понатаму секој месец) подготвена е Законодавна Агенда и доставена до Собранието на РСМ во која се содржани само иницијативите за предлози на закони и акти што ги носи Собранието. На овој начин на Собранието на РСМ преку воведување на Собраниски календар му се овозможува да ја програмира работата на подолг рок.

Државниот советник за стратешко планирање и следење спроведе: две полудневни работилници на барање на Бирото за развој на образованието на кои беа презентирани на новините воведени со новата нормативна рамка во подготовката на стратешкиот план и годишниот план за работа; две полудневни работилница за презентирање на новините во подготовката на стратешкиот план и годишниот план за работа за 2020-20222, на барање на Државната комисија за спречување на корупцијата; на барање на Министертвото за култура беше организирана дводневна работилница за презентирање на новините за стратешко планирање и подготовка на Стратешки план на Министерството за култура за 2019-2021 година.

Континуирано беа одржувани средби со административните службеници од министерствата и другите органи на државната управа на кои беа давани насоки за подготвување на стратешките планови, подготвувањето на извештаи за постигнатите резултати во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата и стручни совети за зголемување на знаењата и вештините во развивањето на стратешкото планирање.

На барање на Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Државната комисија за спречување на корупцијата, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за храна и ветеринарство, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Агенеција за катастар на недвижности, Агенција за иселеништво, Биро за развој на образованието беа реализирани работни состаноци на кои беа дадени насоки за потребите и барањата на процесот на стратешко планирање.

Државниот советник за стратешко планирање и следење и раководителот на Секторот учествуваа во креирањето на „Нацрт-стратегијата за развој на концептот едно општество за сите и интеркултурализам“ и нејзиното финализирање и усвојување од страна на Владата на РСМ и Собранието на РСМ.

Владата на РСМ на седницата одржана на 13.8.2019 го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, за потребите на органите на државната управа да организира и спроведе обуки на кои ќе се презентираат новините поврзани со **„Електронскиот систем за стратешко планирање и подготовка на Годишна програма за работа на Владата".**

Државниот советник и вработените во Секторот за стратегија, планирање и следење задолжени за Програмата за работа на Владата даваа предлози и иницијативи при подготовката на ова софтверско решение. За оваа цел соодветно беа направени измени во **Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија** („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/08 и 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 223/19) и **Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија** („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.22/19).

Согласно заклучокот на Владата, Генералниот секретаријат - Сектор за стратегија, планирање и следење, во периодот од 17-29 октомври 2019 година организира и спроведе обуки на кои се презентираа новините поврзани со овој систем.
На обуките беа опфатени над 120 административни државни службеници од сите министерства, секретаријати и другите органи на државната управа кои се непосредно вклучени во процесот на стратешко планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата.

Како резултат на ова во текот на ноември-декември 2019 година се подготви и беше донесена првата **Предлог-програма за работа на Владата на РСМ за 2020 година, од Електронскиот систем за стратешко планирање**.

Во рамките на јавната расправа по Предлог-Законот за Буџетите, а во насока на подобрување на управувањето со јавните финансии, зајакнување на врската меѓу стратешкото планирање и буџетското планирање, вработените од Секторот за стратегија, планирање и следење и државниот советник за стратешко планирање и следење дадоа конкретни коментари и забелешки и истите беа соодветно вградени во предлог-текстот на Законот.

## Програма 2 - Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма, согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, подготвен е Прирачник за улогата на Генералниот секретаријат во процесот на креирање и следење на политиките.

Секторот за анализа на политиките и координација подготви акти и материјали кои беа усвоени од страна на Владата: Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и за 2020 година; Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации; Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансиска поддршка на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, во 2018 година; Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година; Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2018 година; Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2017 и 2018 година и 4 (четири) информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Во овој период беа спроведени и следните активности:

- организирана е дебата на тема: „Стратегијата  креатор на овозможувачкото опкружување за граѓанските организации“ на која учествуваа 40 граѓански организации;
- на 31.1.2019 година објавен е Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фонации во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб-страниците www.nvosorabotka.gov.mk и www.vlada.mk, спроведена е административна проверка на 200 пријави на здруженија и фондации и подготвена е Предлог-ранг листа на Оперативното тело од проценка на квалитетот на 129 проекти, а по донесување на Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации подготвени се 20 Договори за обезбедување финансиска поддршка со Изјава за сопственичка/основачка структура;
- Одделението за соработка со невладини организации, во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) организираше три консултативни средби со граѓански организации за приоритетите за финансиска поддршка на граѓанскиот сектор во 2020 година, во Скопје (12.11.2019), Битола (14.11.2019) и Штип

(15.11.2019), на кои учествуваа 58 претставници на граѓански организации и спроведе online консултации со дистрибуирање на електронски прашалник до 6.740 граѓански организации;

- потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Фондацијата Отворено општество – Македонија, во насока на остварување на стратегиската цел „Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации“ и подготвена е Нацрт-анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до првата половина на 2019 година) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ проектите во РСМ за која е започнат консултативен процес со граѓанските организации на 18.12.2019 година;
- во рамките на предвидените активности Одделението за соработка со невладини организации одржа средби со членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор и вработени во надлежните сектори во Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за млади и спорт;
- на барање на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, подготвен е Компаративен преглед и правна рамка во Република Северна Македонија во врска со статусот на организација од јавен интерес;
- подготвен е придонес на годишниот Извештај на Европската комисија во областите: Граѓанско општество, Демократија/Владеење и Реформа на јавната администрација и извршено е ажурирање на Нацрт-Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), ревизија 2019-2021, во делот I. Политички критериуми, 1.1.4. Граѓанско општество;
- подготвена е Информација до Министерството за надворешни работи-Директорат за мултилатерлани односи за реализирани мерки и активности за соработка и развој на граѓанскиот сектор, а во врска со одржувањето на Пленарната зимска сесија на Конференцијата на Меѓународни невладини организации на Советот на Европа (CoE-INGO) (12.4.2019 година);
- подготвен е придонес до Министерството за информатичко општество и администрација кон Годишен извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година;
- подготвен е Извештај до Министерството за економија за преземените мерки и активности од Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023, во 2019 година.

Во мај 2019 година Одделението за соработка со невладини организации со техничка поддршка на Секторот за ИТ ја редизајнираше својата веб-страница www.nvosorabotka.gov.mk и ја збогати со нови содржини кои се од значење за

граѓанските организации, податоци за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (дневен ред, материјали и записници), регистар на невладини организации, база на податоци за финансиска поддршка, а воспоставена е и посебна платформа за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020. На 16.8.2019 година, на www.nvosorabotka.gov.mk и www.ener.gov.mk објавен е Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, а 11 иницијативи на граѓанските организации доставени се до ресорните министерства и заедно со одговорите се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk.

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор одржа 10 (десет) седници на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанскиот сектор, а материјалите по точките од дневниот ред и записниците од седниците на Советот се објавени на веб-страницата: www.nvosorabotka.gov.mk. На веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk во име на Советот објавени се: Јавен повик за избор на седум претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2014-2020; Јавен повик и за избор на три членови и три заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика, со обрасци на пријава на кандидати и Јавен повик за избор на претставници од граѓанскиот сектор во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи, а Советот номинираше и претставник на граѓанскиот сектор во Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор утврди и Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, за кој со поддршка на Одделението за соработка со невладини организации беше спроведен консултатитвен процес со граѓанските организации.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на 2019 година одржа 6 седници, на кои беше разгледан извештајот за работа на Комисијата во 2017 и 2018 година, деловниот и финансискиот извештај за 2018 година на три организации со статус од јавен интерес и едно барање за добивање статус на организација од јавен интерес, врз основа на кое Одделението за соработка со невладини организации подгови Информација до Владата, со Предлог- решение.

Во 2019 година се одржаа три од серијата Отворени денови за иницијативи на граѓански организации. Одделението за соработка со невладини организации ги проследи иницијативите на граѓанските организации на одговор до ресорните министерства и ги објави на својата веб-страница www.nvosorabotka.gov.mk.

Во врска со навремената и законита имплементација на ИПА проектите подготвени се:

- документација за затворање на Националната програма ИПА ТАИБ 2011 за 12 договори за грант од грантовата шема „Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанскиот сектор“ и за затворање на Националанта ИПА ТАИБ 2012 за 2 рамквни договори (Техничка помош на Комисијата за евалуација на ИПА 2011 „Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанскиот сектор“ и Техничка помош на Комисијата за евалуација на ИПА 2013 „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ“;
- Извештај за напредокот на спроведување на 15 договори од грантовата шема „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ“ за периодот 19.12.2017-14.1.2019;
- Извештај за напредокот на спроведување на 10 договори од „Грантовата шема за имплементација на проекти за зголемување на конкурентноста на земјата корисник“ за периодот 15.12.2017-15.1.2019 година;
- Квартални извештаи за спроведување на договорите од наведените грантови шеми; спроведени се третите мониторинг посети на договорите од грантовата шема „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ“ и на пет договори од „Грантовата шема за имплементација на проекти за зголемување на конкурентноста на земјата корисник“;
- извештаи за „0“ неправилности, Табела за имплементација на ревизорски наоди на ИПА Структурата на Генералниот секретаријат, Изјава за гаранција на Вишиот програмски службеник за 2019 година и Табела за самооценување на Вишиот програмски службеник за 2019 година и истите се доставени до Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).
- Анализа за обемот на работа на ИПА Структурата на Генералниот секретаријат за 2020 година;

Воедно, извршена е административна проверка на 12 периодични извештаи и 15 завршни извештаи од грантовата шема „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ“, 10 периодични извештаи и 4 завршни извештаи од „Грантовата шема за имплементација на проекти за зголемување на конкурентноста на земјата корисник“

На 13.5.2019 година спроведена е ревизија на два договори за грант од ИПА ТАИБ 2011 бр.12-8670/1 „Одржливост на граѓанските здруженија преку вмрежување за социјално претприемништво“ на Регионалниот центар за животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) и бр.12-8675/1 „Граѓаните на прво место“ на Центарот за управување со промени - ЦУП, Скопје, од страна на овластени ревизори на Ревизорскотот тело за ИПА, а во периодгот октомври-ноември 2019 година извршена е ревизија на системот на внатрешни контроли и усогласеноста (регуларноста) со законските и подзаконските прописи и акти на процесот на користење на средства од претпристапните фондови на ЕУ – ИПА во Генералниот секретаријат, од страна на внатрешниот ревизор.

Вработени во Секторот за анализа на политиките и координација активно учествуваа и во работата на: Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, Меѓусекторскиот советодавен комитет на проектот „Промени за одржливост“, Управниот комитет на твининг проектот на Министерството за финансии „Понатамошно унапредување на системот на внатрешна контрола“ МК 14 IPA FI 02 18 TWL, Работната група за спроведување на Мерката 1.3.2. – Воспоставување механизми за координација помеѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите на „Центар на Владата“ од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2020; Истовремено, вработените учествуваа на конференции и настани организирани од страна на граѓанските организации, одржуваа средби/состаноци со претставници на здруженија и фондации и остваруваа редовна комуникација и соработка со членовите на Мрежата на државни службеници од министерствата и другите органи на државна управа одговорни за соработка со граѓански сектор.

Во врска со следењето и квалитетното спроведување на ИСО стандардите, донесен е Годишен план за 2019 година за интерни проверки на интегрираниот систем за управување со квалитет (ISO 9001:2015) и заштита на животната средина (ISO 14001:2015) и спроведени се 21 (дваесет и една) интерна проверка согласно утврден Термин план; подготвен е Извештај од спроведена анкета за мерење на задоволството на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Извештај од спроведена анкета за мерење на задоволството на корисниците на услугите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, подготвен врз основа на одговорите на анкетен лист пополнет од 31 (триесет и една) институција.

## Програма 3 - Стручна и логистичка поддршка во организирањето на седници на Владата

Во рамките на оваа Програма, работните тела на Владата и Генералниот колегиум на државни секретари, Секторот за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата во текот на 2019 година обезбедија координација и стручна поддршка во делот на прием и дистрибуција на материјали и акти, контрола на комплетноста и зрелоста на материјалите и согласно Деловникот за работа на Владата материјалите беа проследени за разгледување во владина постапка.

Подготвувањето и организирањето на седниците на Владата (подготвување на предлог-дневен ред за седница на Владата, дистрибуирање на материјалите до членовите на Владата, државните секретари на министерствата по електронски пат и во хартиена форма), обезбедувањето стручна поддршка и информации на Генералниот секретар и членовите на Владата за време на одржувањето на седниците, подготовката на предлози на заклучоци, акти, мислења,

одговори и пратенички прашања, писма и друго согласно ставовите на Владата и нивно доставување до министерствата, Собранието на Република Северна Македонија, Претседателот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и други државни органи и институции и во 2019 година претставуваше основна дејност на Секторот. Воедно, се ажурираше базата на податоци согласно заклучоците на Владата, работните тела на Владата и Генералниот колегиум на државни секретари, се следеше реализацијата на заклучоците на Владата, се подготвуваа прегледи на материјали доставени на мислење, на надлежност, прегледи на материјали вратени на предлагачите кои не се подготвени согласно Деловникот за работа на Владата, прегледи на примени, одговорени и неодговорени пратенички прашања доставени до Владата и се архивираа материјалите.

Исто така, воведен е во употреба Корпоративен респозитар на документи (CDR), со кој се овозможува стандардизација и дигитализација на процесот на архивирање на влезно/излезни документи во Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, ефикасност, мониторинг, транспарентност, комуникација, пребарување и категоризација и нотификација на материјалите доставени за разгледување и одлучување до Владата.

Континуирано се одржувани и интерсекторски средби и контакти со административните службеници, средби и контакти со министерствата и другите органи на државната управа.
Во 2019 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, подготви и организира: 61 (шеесет и една) редовна седница на Владата на Република Северна Македонија, 46 (четириесет и шест) седници на Генералниот колегиум на државни секретари, 51 (педесет и една) седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, 51 (педесет и една) седница на Комисијата за политички систем и 50 (педесет) седници на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Програма 4 - Деловно опкружување и регулаторна реформа

Владата на Република Северна Македонија продолжи со силно темпо да реализира мерки, активности и проекти за поддршка на бизнис опкружувањето и подобрување на условите за водење бизнис во Република Северна Македонија. 2019 година е прогласена за година на економијата. Интензивно се реализираа активности за спроведување на Планот за економски раст (усвоен во декември 2017 година) кој се состои од мерки поделени во три столба и истиот се имплементира преку два инструменти:

1) Мерките од првиот и вториот столб се спроведуваат преку Закон за финансиска поддршка на инвестициите. Законот беше изработен и пред неготово усвојување јавно достапен на увид на целата јавност преку Единствениот електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Овој Закон овозможува државна финансиска поддршка за нови инвестиции и нови подобро платени работни места, технолошки развој и внесување на иновации на компаниите, со што ќе се зголеми конкурентноста на македонските компании, а целта е да се зголеми извозот и да се постигнат повисоки стапки на економски раст на македонската економија. Во 2019 година се направија измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестициите за кои од практична причина се продолжува рокот за аплицирање за државна помош за 15 дена, се олесија критериумите за аплицирање и се поедностави процедурата.

   Во 2019 година се поддржаа вкупно 171, од кои 120 нови договори со компании инвеститори, и 51 анекс договор за веќе постојни корисници од 2018 година. Со ова бројката на корисници вклучително и 97-те компании од 2018 година изнесува околу 220 компании.

   Вкупната инвестициска сума согласно бизнис плановите за компаниите поддржани во 2019 година изнесува околу 230 милиони евра, од кои инвестицијата во првата година изнесува околу 110 милиони евра. Буџетската поддршка од страна на државата изнесува околу 11,7 милиони евра.

   Вкупниот број на вработувања на поддржаните компании во 2019 година, согласно доставените бизнис планови изнесува 4.577, од кои вработувања во тековната година се за 2.117 лица.

2) Мерките од третиот столб на Планот за економски раст се спроведуваат преку Програма за поддршка на мали и средни претпријатија на Фондот за иновации и технолошки развој. Во 2019 година се спроведе вториот повик за доделување грантови на микро, малите и средни компании, креирани за да ја поттикнат иновативноста, а со тоа да ја подигнат и конкурентноста на македонските компании.

   Заклучно со декември 2019 година, Фондот има 314 корисници и портфолио од инвестиции во вредност од околу 57 милиони евра (22 милиона евра се учество на самите компании, а приближно 35 милиони евра се средства коишто се наменети од Фондот, односно од Буџетот и финансиски средства од Светска банка), од кои 135 корисници се согласно Планот за економски раст, со вредност на инвестициите во висина од 16,4 милиони евра.

   Дополнително, на крајот на 2019 година Фондот распиша и Јавен повик за финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој (13.12.2019), и Јавен повик за финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“ (25.12.2019)

Во делот на поддршка на конкурентноста, продолжи спроведувањето на Стратегијата за конкурентност на македонската економија во која се дефинирани 45 приоритетни мерки извлечени од сите стратешки документи кои се оценети како мерки со најголемо влијание врз конкурентноста на македонската економија.
Дополнително, Владата во соработка со Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија, како и заинтересирани донатори и меѓународни партнери спроведе програмирање на ИПА средствата за 2019 година, во висина од 14,2 милиони евра наменети за подобрување на бизнис средината и унапредување на конкурентноста и иновациите на македонските компании. Планираните активности треба да придонесат за приближување на квалитетот и стандардите на македонските компании и нивното производство до стандардите и квалитетот на европскиот пазар.

Во 2019 година продолжи спроведување на ИПА поддршката која Европската унија ја обезбеди за Република Северна Северна Македонија во изминатиот период за 10 грантови за поддршка на бизнис асоцијации и здруженија. Реализацијата на овие 10 проекти придонесе за подобрување на иновативноста и продуктивноста на македонските компании, нивно вмрежување и подобрување на бизнис партнерствата, креирање на работни места и унапредување на менаџментот на компаниите, сè со цел подобра конкурентност и поголеми можности за извоз на компаниите.

Во поглед на регионалниот развој, во соработка со Швајцарската амбасада се спроведува „Програмата за одржлив и инклузивен регионален развој во Северна Македонија“. Оваа активност вклучува воспоставување на ИТ-базиран систем за следење на спроведувањето на националните фондови за рамномерен регионален развој, зголемување на транспарентноста во врска со распределбата на буџетот за регионален развој и зголемување на капацитетите на засегнатите страни за спроведување на политики за регионален рамномерен развој. Вкупната вредност на програмата е околу 5,6 милиони швајцарски франци и се спроведува во соработка со Министерството за локална самоуправа во период од 3 години, до средината на 2021 година.

Во 2019 година продожи да функционира Техничката работна група при Националниот совет за одржлив развој.
Во извештајниот период, на 124-та Седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 5 мај 2019 година беа усвоени следните 5 (пет) Цели за одржив развој како приоритетни за периодот 2019-2020:

- Цел 1: Да се стави крај на сиромаштијата, во сите нејзини форми, насекаде;
- Цел 4: Да се обезбеди инклузивно и правично квалитетно образование и да се промовираат можности за доживотно учење за сите;
- Цел 8: Да се промовира инклузивен и одржлив економски пораст, целосно и продуктивно вработување и достојни работни места за сите;
- Цел 13: Да се преземат итни дејства за борба против климатските промени и нивните влијанија;

- Цел 16: Да се промовираат мирни и инклузивни општества за одржлив развој, да се обезбеди пристап до правда за сите и да се изградат ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа.

Во однос на процесот на имплементација на Целите за одржлив развој, во 2019 година одржани се консултативни средби - јавни расправи со засегнати чинители на кои активно учество имаа невладини организации, стопански комори и академската заедница и притоа беа презентирани преземените активности и планираните активности за следниот период. Во тек е реализација на следните активности:

- Во изработка е Акциски план за забрзување на процесот на имплементација на приоритетни Цели за одржлив развој во Република Северна Македонија за периодот 2019-2020 година;
- Република Северна Македонија се пријави за изработка на Национален придонес кон имплементацијата на Целите за одржлив развој (National Voluntary Review). Тоа претставува волонтерски процес во кој што државата треба да изработи документ со кој ќе ги презентира преземените активности на состанокот на политичкиот форум на високо ниво на Економско Социјалниот Совет на Обединетите нации, во јули 2020 година;
- Исто така, во соработка со Секретаријатот за европски прашања се иницираше процес на поврзување на (1) Процесот на интеграција во ЕУ – ЕУ Поглавјата и (2) Процесот на имплементација на Агендата 2030- Целите за одржлив развој.

Во текот на 2019-та година, во соработка со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации (FAO – Food and Agriculture Organization of the United Nations) целосно се реализираше Проектот: „Поддршка за менаџирање на ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд“. Целта на проектот беше да ги зајакне капацитетите на државните институции за да може да ги користат средствата на Фондот. Во рамките на проектот се реализираа следните активности:

- Изработен е Прирачник за ефективен координативен механизам.
- Изработен е Процедура за издавање писмо без приговор- No-Objection letter.
- Изработен е Механизам за приоретизација на сектори и проекти за финансирање од Зелениот климатски фонд.
- Изработена е анализа за надзор и рационализација на финансиите во државата поврзани со климатски промени.
- Изработена е процедура за вклучување на сите чинители во консултативен процес.
- Развиена е веб страна за споделување знаења, искуства и информации поврзани со Фондот.
- Започнат е процес на изработка на Country Programme за користење на средствата на Фондот со објава на Отворен повик за предлог-проектни идеи.

- Изработен е прирачник за опфаќање на полова/родова еднаквост и маргинизирани групи во државата при спроведување проекти за Зелениот климатски фонд.

Во текот на 2019-та година активно се работеше на финализирање на потребните документи за аплицирање за добивање поддршка преку програмата за подготвителност од страна на ЗКФ за проектот: „Зајакнување на капацитетите на државата за адаптација и митигација кон климатски промени во секторите земјоделство, шумарство и искористување на земјиштето, како и изработка на Работна програма за Република Северна Македонија за искористување на можностите на ЗКФ". Проектната документација беше подготвена и доставена до Зелениот климатски фонд и истата беше одобрена на крајот на декември 2019-та година. Целта на проектот е зајакнување на националните капацитети за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд и изработка на Country Programme (работна програма) за користење на средствата на Фондот. Истиот е со буџетска конструкција од 663.245 $, средства кои се обезбедени како грант од Зелениот климатски фонд и ќе бидат имплементирани во соработка со ФАО и истиот ќе трае 18 месеци. Активностите кои се планира да се реализираат преку проектот во текот на 2020 и 2021 година

Проектната апликација за Регионалната иницијатива за развој на зелени градови беше поднесена до ЗКФ од страна на ЕБРД и истата беше одобрена на Бордот на Фондот во месец октомври 2018 година по што во јуни 2019 година следеше потпишување на Договор за имплементација на Програма за развој на зелени градови помеѓу ЗКФ и ЕБРД. Во моментот Национално назначениот орган во соработка ЕБРД го координира процесот на вклучување на општините и Градот Скопје и искористување на можностите за поддршка на инфраструктурни проекти насочени кон прилагодување и ублажување на климатските промени. Главна цел на Програмата за развој на зелени градови е да се унапреди управувањето со активностите за зелен развој во градовите преку обезбедување на инвестиции, поддршка за развој на политики и градење на капацитети на национално и локално ниво. Програмата предвидува вклучување на 9 држави кои се подобни за користење на средства од ЗКФ: Албанија, Ерменија, Северна Македонија, Грузија, Јордан, Молдавија, Монголија, Србија и Тунис.

Во втората половина на 2019 година продолжија активностите за развој на проектна документација за обезбедување поддршка за развој на Национален план за адаптација кон климатските промени и развој на проектна документација за Предлог-проект за Приспособување на ризикот од климатски промени од големи поплави во урбаните и рурални области.

Во рамките на Проектот за локалната и регионална конкурентност во туризмот се спроведе вториот јавен повик за доделување на грантови, со кој на општините, туристичките здруженија и асоцијации, како и на малите и средни претпријатија им се овозможи пристап до 14 милиони евра, неповратни средства за поттикнување на туризмот во

Република Северна Македонија. Вкупниот износ на проектот е 21 милион евра од кои 18 милиони евра се придонес од ИПА фондовите на Европската Комисија, додека националното учество е 3 милиони евра. Периодот за реализација на проектот е од 2016 до 2020 година.

Компонента 2 – Јавни политики во туристички сектор и управување со дестинации
Поткомпонентата 2.1 од овој проект се однесува на јакнење на капацитетите, координацијата и јавните политики на централно ниво, подобро носењето на одлуки, утврдување на приоритети и дефинирање на политики во секторот туризам.
Поткомпонентата 2.2. се спроведува преку повеќе поврзани активности-фази.

*Фаза 1 - Мапирање на постојните процеси за управување со дестинации и давање приоритети.* Реализирани активности од фаза 1 се: 10 еднодневни работилници и 58 индивидуални консултативни состаноци во сите 10 дестинации на кои присуствуваа 197 претставници од сектор туризам-мали и средни претпријатија од областа туризам, асоцијации и кластери, општини, здруженија, универзитети, развојни плански центри и невладини организации -кои се очекува да бидат инволвирани во процесот за управување со дестинации. Online анкета на засегнати страни која беше спроведена со цел да се утврди степенот на запознаеност на локалните чинители со процесот на управување со дестинации.

*Фаза 2 - Идентификување на дестинации кои ќе се поддржат и избор на засегнати страни кои ќе ја претставуваат дестинацијата.* На основа на заклучоците добиени од спроведените работилници и анализа на одговорите на дистрибуираниот прашалник, а со консултации со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Министерството за економија, дефиниран е и прифатен предлог да се продолжи со воспоставување на процесот на управување со дестинации и формирање Организации за управување со дестинации за следните дестинации:
1. Една организација за Дестинација 1-Охрид, Струга, Преспа и околината;
2. Една организација за Дестинација 4-Тиквеш и околината и
3. Една организација за Дестинација 6-Река и околината и Дестинација 8-Полошки регион .

*Фаза 3 - Поддршка во спроведување на развојните планови преку процесот на управување со детинации.* Со оглед на важноста за соодветна идентификација на најистакнатите засегнати страни, пред да се формираат групи на засегнати страни (ГЗС) во секоја од избраните дестинации помеѓу 17-ти јуни и 2-ри јули 2019 година, во избраните дестинации беа спроведени 19 индивидуални и 8 групни консултативни состаноци, со претставници на засегнатите страни од секторот туризам

Компонента 3 – Грантова шема. Оваа компонента се состои од две поткомпоненти и тоа Поткомпонента 3.1 Инфраструктурни инвестиции и Поткомпонента 3.2 Грантови за подобрена испорака на туристичките услуги и локално економско влијание. Заклучно со 31.12.2019 година распишани се два повика за доделување на подгрантови со вкупен износ од 16.436.471 евро за претставници од граѓанскиот и бизнис секторот, како и за претставници од јавниот сектор (општините и јавните установи). Склучени се 32 договори со компании, здруженија и асоцијации од бизнис сферата, во износ од околу 6,2 милиони евра, како и 16 договори со општини во вредност од околу 9,6 милиони евра. Дополнитено, во процедура се уште 5 договори во редност од околу 6 милиони евра.

## Програма 5 - Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура

Во периодот јануари-декември 2019 година, од аспект на Информациско-комуникациска технологија беа спроведени следните активности:

- се оддржуваше и надградуваше Информацискиот систем и мрежната инфраструктура на ИКТ опремата, нејзината безбедност и заштита од можни напади;
- со примена на мултиплатформскиот систем за електронска седница на Влада беше остварена активна вклученост во информациската поддршка за време на оддржување на седниците на Генералниот колегиум, Комисијата за политички систем, Комисијата за човечки ресурси, Комисијата за економски систем и тековна економска политика, заедничките комисии, како и седници на Владата;
- за потребите на системите е-влада се применуваше Платформа за серверско и клиентско дигитално потпишување;
- со ажурирање на потребни податоци активно се применуваше Централниот систем за складирање и управување со документи како и Системот за мерење ефикасност на вработените во јавна администрација;
- на сите вработени во Генералниот секретаријат, Канцеларијата на претседателот на Владата на РСМ како и на кабинетите на министрите, се пружаше помош во информациско комуникациска технологија;
- редовно се вршеше проверка и ажурирање на серверска инфраструктура (Update/upgrade на web сервери, креирање, администрирање, одржување и редовен бекап на владини веб сајтови);

- изработена е финална верзија на ИСО документи за вонредни ситуации, а во тек е целосно завршување на процедурите за претстојна ИСО сертификација;
- се организираа и спроведоа обуки за вработените примена на новите ИКТ решенија;
- имплементиран Проект – Електронски систем за стратешко планирање

**Од аспект на управување со човечки ресурси во текот на 2019 година, заклучно со 31.12.2019 година** Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија пополни образец за „Анкета за слободни работни места“ за втор и трет квартал од 2019 година и ги достави до Државниот завод за статистика; согласно Законот за административните службеници ја спроведе постапката за оценување на административните службеници за 2019 година и достави Извештај со Ранг – Листа на годишни оценки на административни службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година до Министерството за информатичко општество; Подготви Годишен план за вработување за 2020 година и го достави до Министерството за финансии, Подготви Годишен план за обука на административните службеници вработени во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година; Подготовка на повеќе измени и дополнувања на Годишниот план за вработување за 2019 година; Изврши неколку измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на РСМ; Подготовка на Извештај за реализација на Годишен план за вработување за период јули-декември; Подготовка на Извештај за реализација на План за обуки за административни службеници за периодот јули-декември.

**Во текот на 2019 година,** административните службеници од Генералниот секретаријат на Владата, заклучно со **31.12.2019** година присуствуваа на обуки од различни области и тоа: човечки ресурси, економски политики, обуки за законска легислатива, ЕУ обуки, право и ИТ обуки.

Во текот на **јануари** 2019 година 2 (две) лица посетиле обука на тема: „Учество на професионалци од Западен Балкан во EU Scheme for Young Professionals in the Western Balkans - Регионална ЕУ Шема за млади професионалци од Западен Блакан” и 1 (едно) лице посетило обука на тема: „Создавање на Висока раководна служба во Македонија,“.

Во текот на **февруари** 2019 година 2 (две) лица посетиле обука/работилница од кои: 1 (едно) лице посетило обука на тема „International Dispute Resolution“ организирана од страна на „Singapore Cooperation Programme“ и 1 (едно) лице посетило обука/работилница на тема „Мониторинг на Сендаи рамката за акција“, организирана од страна на регионалната Канцеларија на ООН за намалување на ризици од несреќи и катастрофи за Европа и централна Азија.

Во текот на **март** 2019 година 2 (две) лица посетиле обука/работилница на тема: „Комуникациска стратегија и комуникациски стандарди“, 2 (две) лица посетиле обука на тема: „Работилница за непријавена работа во земјоделството, Проект Raise Up, во организација на Агро – Синдикат“, 2 (две) лице посетиле обука на тема: „EU Scheme for Young Professionals in the Western Balkans – Регионална ЕУ Шема за млади професионалци од Западен Балкан“, 2 (две) лица посетиле обука на тема: „AWS Skills Day“, 1 (едно) лице посетило обука/работилница на тема „Правда за децата во антитерористички контекст“.

Во **април** 2019 година 1 (едно) лице посетило конференција тема: „Регионална климатска акција во Западен Балкан“, а 1 (едно) лице посетило обука на тема: „Алумни настан како дел од MATRA Програмата за обука за „Владеење на правото“.

Во **мај** 2019 година одржани биле обуки за вкупно 2 (две) лица на тема: „Експертската група при Меѓуресорското тело за човекови права”.

Во **јуни** 2019 година обука/работилница посетило 1 (едно) лице на тема: „Подготовка на оперативни планови во рамките на Националните акциски планови за 2020 година за интеграција на Ромите“.

Во текот на **јули** 2019 година 2 (две) лица посетиле обука/работилница на тема: „Кризни комуникациии“, 2 (две) лица посетиле обука на тема: „Калибрација на мехнизмот за приоретизација и координација за Зелениот климатски фонд и на втората национална консултативна средба на засегнати чинители во рамки на проектот „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам во врска со Зелениот климатски фонд,“ и 1 (едно) лице посетило обука/работилница на тема: „Внатрешна комуникација“.

Во текот на **август** 2019 година 4 (четири) лица посетиле обука/работилница: „Калибрација на мехнизмот за приоретизација и координација за Зелениот климатски фонд и на втората национална консултативна средба на засегнати чинители во рамки на проектот „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам во врска со Зелениот климатски фонд“.

Во текот на **септември** 2019 година 6 (шест) лица посетиле обука/работилница/семинар на тема од кои за: „Експертска работна група при меѓуресорското тело за човекови права на тема „Ажурирање на планот за спроведување на препораките“ „Насоки за буџетирање одговорно кон Ромите“, „Програмата за обука на владеењето на правото на Матра, дизајнирана и донесена од холандскиот Хелсишки комитет, Правниот факултет Лајден и Хашката академија за локално управување“, „Мониторинг и евулација на **20 и 21 октомври 2019 година** како и учество на конференција „Евалуација на

Агендата 2030„ од 22 до 24 октомври 2019 година организирана од страна на UNDP - Независна Канцеларија за евалуација“,“Меѓуагенциска координација со справување со насилен екстремизам и борба против тероризам“,“Планирање на адаптација и вклучување во главните политики на климатски ризици во национални и секторски процеси за планирање во организација на Европската Унија и УНДП“,“Меѓународен семинар за спроведување на изобличувањето и заштитата на граѓанските и човековите права на Ромите во организација на АИПР - Аушвиц институтот за мир и помирување и ИХРА - Меѓународна алијанса за сеќавање на холокаусот“ и 27 (дваесет и седум) лица посетиле обука/работилница на тема: „Подобрување на ефикасноста во работењето на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со помош на нови технологии и презентација на нови идеи“, .

Во **ноември** 2019 година 2 (две) лица посетиле обука/работилница на тема: „Експертската работна група при Меѓуресорското тело“, и 2 (две) лица посетиле обука/работилница/семинар на тема од кои за: „Справување со незгодни ситуации и лица на работа“, „Seminaron Information Technology and e-Government for North Macedonia,“, „е-трговија и прекугранична е-трговија за Република Северна Македонија во Шангај, Нанчанг и Хангжоу - Народна Република Кина“.

Во **декември** 2019 година 2 (две) лица посетиле обука/работилница на тема: „Експертската работна група при Меѓуресорското тело“ и 2 (две) лица посетиле обука/работилница/семинар на тема од кои за: „Регионална средба и работилници за развој на капацитетите за интегриран Национален План за енергија и клима во земјите од Југоисточна Европа“, „Човечкиот капитал - ниво во стратешкото планирање во јавен и корпоративен сектор: европски практики“ и „Неформалната мрежа за управувањесо квалитет во јавниот сектор“.

Во 2019 година, **Секторот за документација и библиотека** го подготви Планот за архивски знаци за 2019, Листата на архивски материјал за 2019 година, Листата на документарен материјал со рокови за негово чување за 2019 година на Владата на Република Северна Македонија истите беа испратени на увид до министрите, раководителите на сектори и Комисиите на Владата на Република Северна Македонија и други тела, кои имаат организациони единици, согласно Планот на архивски знаци на Владата на Република Северна Македонија, а поради потреба од основање на нови организациони единици во Владата, се подготви и дополнување на истите. Воедно, беше превземен архивски материјал кој се однесува на работењето за периодот од 2011 до 2019 година, а се подготви и преглед со база на податоци за книжен фонд оставен во наследство од ЦК на Социјалистичка Република Македонија - вкупно 660 книги или 4139 примероци. Исто така, Секторот за документација и библиотека од депото на Владата има со реверс на работа издадено вкупно: 51 (педесет и еден) предмет кои се однесуваат на периодот 1993-2019 (деловодници, уписници и сл). Согласно измената на Уставот на Република Северна Македонија и Законот за употреба на јазиците, се пристапи кон промена на сите штембили и печати кои се користат од страна на организационите единици кои се содржат во Планот на архивски знаци и листите за архивски и документарен материјал.

Изработен е План на архивски знаци за 2020 година, Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2020 година и Листа на архивски материјал за 2020 година.

**Во делот на архивското работење** преземен е архивски материјал од: Секторите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за период 2015-2018 година, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија за 2017 година и Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија за период 2006-2017 и извршен е детален опис и попис на вкупно 2061 предмет. Секторот за документација и библиотека исто така беше активно вклучен во давање на конструктивни предлози при презентација на новиот систем - Е-архива пришто дел од предлозите беа прифатени и имплементирани во самиот ситемот, а воедно преку измени се работи на негово подобрување.

**Во делот на библиотечното работење** во октомври 2019 година отворена е Специјализираната библиотека за користење на книжниот фонд на Владата на Република Северна Македонија од страна на сите вработени во Владата. Притоа, до сите вработени е доставен преглед на книжниот фонд од вкупно 4564 наслови со вкупно 13658 примероци.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА

### Програма 1 - Стратешко планирање

**Генералниот секретаријат на Владата како стручна служба на Владата во текот на 2020 година преку Секторот за стратегија, планирање и следење** продолжи да ја обезбедува координацијата на стратешкото планирање во министерствата и органите на државната управа.

Во рамките на оваа стратешка Програма, Секторот за стратегија, планирање и следење во текот на јануари го усогласи **Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија 2020-2022** година со одобрениот Буџет и го објави на веб локацијата на Владата на РСМ.

Во функција на операционализија на мерките и активностите содржани во стратешките програме се подготви **Годишниот план за работа за 2020 година на Генералниот секретаријат на ВРСМ** и истиот е објавен на веб локацијата од Владата.

Подготвена е **Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година** и истата е разгледана и усвоена на седницата на Владата одржана на 21.01.2020 година. Усвоената Годишна програма е објавена на веб локацијата на Владата на Република Северна Македонија.
Подготвена е **Анализата за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2019 година**.

Подготвена е **Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 година (Службен весник на РСМ бр. 243/20)** и Подготвен е **Нацрт-стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ за периодот 2021-2023**. Воедно се одржува дневна комуникација и соработка со органите на државната управа и во просториите на ВРСМ - Сектор за стратегија, планирање и следење се одржуваат редовни работни состаноци на кои вработените во Секторот и Државниот советник за стратешко планирање и следење даваат насоки и коментари во врска со барањата кои произлегуваат од процесот на стратешко планирање и буџетскиот проце. На барањсе на органите на државната управа се испорачаа дводневни специјализирани обуки за процесот на стратешко планирање.

**Електронскиот систем за стратешко планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата (воведен во октомври 2019 година)** е функционален и овозможува електронско подготвување и следење на Годишната програма за работа на Владата, подобрено планирање и транспарентно и ефикасно следење на степенот на реализација.

Подготвена е Предлог-Програма за работа на Владата на РСМ за 2021 година во Електронскиот систем за стратешко планирање.

Континуирано беа одржувани средби со административните службеници од министерствата и другите органи на државната управа на кои беа давани насоки за подготвување на стратешките планови, подготвувањето на извештаи за постигнатите резултати во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата и стручни совети за зголемување на знаењата и вештините во развивањето на стратешкото планирање.

Воедно, вработените во Секторот за стратегија, планирање и следење и државниот советник за стратешко планирање и следење даваа мислења по среднорочните и долгорочни планските документи на Владата.

## Програма 2 - Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма, согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, на 6.2.2020 година раководителот на Секторот за анализа на политиките и координација и раководиелот на Секторот за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата спроведоа обука „Улогата на Генералниот секретаријат во процесот на креирање и следење на политиките“ за 30 вработени во Генералниот секретаријат.

Секторот за анализа на политиките и координација подготви акти и материјали кои беа усвоени од страна на Владата:

Програма за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година; Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата; Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата, Одлука за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата; Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, во 2019 година; Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година; Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2019 година и четири информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Во овој период беа спроведени и следните активности:

- на 6.6.2020 година, на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фоднации за мерки за справување со COVID-19 кризата, спроведена е административна проверка на пријавите на здруженија и фондации и подготвена е Предлог-ранг листа на Оперативното тело од проценка на квалитетот на 549 проекти, а по донесување на Одлука за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата подготвени се 40 Договори за обезбедување финансиска поддршка со Изјава за сопственичка/основачка структура;

- подготвен е одговор по приговор доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата во врска со Одлуката за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата;
- на барање на Министерство за финансии - Управа за финансиско разузнавање, подготвена е информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации 2016-2019 година;
- На 2.9.2020 година, на www.nvosorabotka.gov.mk и www.ener.gov.mk објавен е Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, а 26 иницијативи на граѓанските организации доставени се до ресорните министерства и се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk;
- ажурирана е Нацрт-Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија ревизија 2020-2023-2025, во делот Граѓанско општество;
- подготвен е Ажуриран придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија во делот Граѓанско општество;
- на барање на Министерството за информатичко општество и администрација за подготовка на вториот годишен извеештај, пополнети се матрицата за следење на Акцискиот план на Стратегијата за Реформа на јавната администрација (2018-2022) и пасошите на индикатори, во делот: Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики;
- доставено е мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по Информацијата за статусот на реализација на националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година со среднорочен извештај за самооценување;

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор одржа 9 (девет) седници на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанскиот сектор, а материјалите по точките од дневниот ред и записниците од седниците на Советот се објавени на веб-страницата: www.nvosorabotka.gov.mk. До Владата на Република Северна Македонија Советот достави Информација за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“, Реакција за намалување на финансиската поддршка за граѓанските организации и Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ. На веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk во име на Советот објавени се: Информација за јавноста по повод учеството на членовите на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата, Јавен повик за учество на два члена и еден набљудувач од здруженија

и фондации во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија и Јавен повик за учество на два претствници на граѓанскиот сектор во работата на Главниот штаб за управување со кризи без право на глас, на 8.10.2020 година започна консултативен процес со граѓанските организации со објавување Прашалник за потребата од изменување и/или дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, а во периодот од 9 до 25.12.2020 година спроведе консултативен процес со граѓанските организации за предлог-приоритетите и активностите за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за 2021 година.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на 2020 година одржа 3 (три) седници, на кои беше разгледан извештајот за работа на Комисијата во 2019 година, деловниот и финансискиот извештај за 2019 година на две организации со статус од јавен интерес и едно барање за престанок на статус на организација од јавен интерес, врз основа на кое Одделението за соработка со невладини организации подгови Информација до Владата, со Предлог-решение.

Во врска со навремената и законита имплементација на ИПА проектите подготвени се четири квартални извештаи за „0“ неправилности, табели за имплементација на ревизорски наоди и ажурирани регистри на ризици на ИПА Структурата на Генералниот секретаријат, Изјава за гаранција на Вишиот програмски службеник за 2019 година и Табела за самооценување на Вишиот програмски службеник за 2019 година и истите се доставени до Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД)

Завршен е процесот на административна проверка на финалните извештаи од ИПА ТАИБ 2013 Грантовата шема за имплементација на проекти за зголемување на конкурентноста на земјата корисник (“Grant scheme for implementation of projects for increasing the competitiveness of the beneficiary country” EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK).

Спроведена е ревизија од страна на овластени ревизори на Ревизорскотот тело за ИПА на три договори за грант од ИПА ТАИБ 2013, бр. бр.12-7323/1 „Премостување на јазот меѓу мултинационалните компании и домашни мали и средни претпријатија во Македонија“, спроведуван од Институт за економски истражувања и политики Finance Think, Скопје, бр.12-7452/1 „Затворање на ГАП - зајакнување на реформите за родова еднаквост во процесот на интеграција во ЕУ“, имплементиран од Фондацијата Жена за Жена (Kvinna till Kvinna) и бр.12-7456/1 „Социјална инклузија преку социјални мрежи помеѓу ГО и социјалното претприемништво (4SNET)“ спроведуван од Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија Куманово.

Вработени во Секторот за анализа на политиките и координација активно учествуваа и во работата на: Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации на Агенцијата за млади и спорт, работните групи на Регионалната школа ја јавна администрација (ReSPA) Центар на Владата и Подобра регулатива и Советодавниот одбор на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите", учествуваа на онлајн состаноци организирани од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" и други настани организирани од страна на граѓанските организации, одржуваа редовна комуникација и соработка со претставници на здруженија и фондации и со членовите на Мрежата на државни службеници од министерствата и другите органи на државна управа одговорни за соработка со граѓански сектор.

## Програма 3 - Стручна и логистичка поддршка во организирањето на седници на Владата

Во рамките на оваа Програма, работните тела на Владата и Генералниот колегиум на државни секретари, Секторот за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата во текот на 2020 година обезбедија координација и стручна поддршка во делот на прием и дистрибуција на материјали и акти, контрола на комплетноста и зрелоста на материјалите и согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија материјалите беа проследени за разгледување во владина постапка.

Подготвувањето и организирањето на седниците на Владата (подготвување на предлог-дневен ред за седница на Владата, обезбедувањето стручна поддршка и информации на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата за време на одржувањето на седниците, подготовката на предлози на заклучоци, акти, мислења, одговори и пратенички прашања, писма и друго согласно ставовите на Владата и нивно доставување до министерствата, Собранието на Република Северна Македонија, Претседателот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и други државни органи и институции и во 2020 година претставуваше основна дејност на Секторот. Воедно, се ажурираше базата на податоци согласно заклучоците на Владата, работните тела на Владата и Генералниот колегиум на државни секретари, се следеше реализацијата на заклучоците на Владата, се подготвуваа прегледи на материјали доставени на мислење, на надлежност, прегледи на материјали вратени на предлагачите кои не се подготвени согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, прегледи на примени, одговорени и неодговорени пратенички прашања доставени до Владата и се архивираа материјалите.

Континуирано се одржувани и интерсекторски средби и контакти со административните службеници, средби и контакти со министерствата и другите органи на државната управа.

Во 2020 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, подготви и организира:
- 118 (сто и осумнаесет) редовни седници на Владата на Република Северна Македонија,
- 52 (педесет и две) седници на Генералниот колегиум на државни секретари,
- 46 (четириесет и шест) седници на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој,
- 49 (четириесет и девет) седници на Комисијата за политички систем и
- 51 (педесет и една) седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Програма 4 - Деловно опкружување и регулаторна реформа

Владата на Република Северна Македонија во 2020 година се соочи со работа во време на пандемија предизвикана од Ководи 19 вирусот. Новата состојба предизвикана од вирусот пандемијата од КОВИД 19, економијата се соочува со сериозни социо-економски предизвици во одржувањето на производството, вработувањето и пазарната стабилност. Компаниите се соочуваат со сериозни турбуленции на пазарите и непредвидливост на иднината. Поради ова, освен проектите за поддршка кои се во тек, реализирани беа дополнителни мерки за поддршка на домашната економија, компаниите и граѓаните. Подолу следуваат информации за реализирани активности во 2020 година од Програмата Деловно опкружување и регулаторна реформа.

Владата воведе сеопфатен **пакет економски мерки за справување со кризното влијание од пандемијата** со цел да се зачуваат што повеќе работни места на граѓаните и да се помогне на економијата на земјата. Исто така, постојат мерки за поддршка на компаниите во инвестиции и прилагодување на новонастанатата состојба.

**Првиот и вториот пакет мерки** беа воведени веднаш откако кризата ја погоди македонската економија (март-април 2020 година), кои се состојат од мерки за намалување на трошоците за водење бизнис, одложување на финансиските обврски на компаниите (како што се „Ослободување од месечни авансни плаќања за данок на добивка за април, мај и јуни 2020 година; "Намалување на казнената камата за јавни давачки (даноци и јавни давачки со закон доверени од УЈП)

од 0,03% на 0,015% или за 50%;" Намалување од референтната каматна стапка од 2% на 1,75%, со намалување на законски затезната каматна стапка од 10% на 5% за правни лица и од 8% на 4% за физички лица)), но и воведување нови извори на финансирање (како што се „Бескаматен заем преку Македонската банка за развој“ и „14.500 МКД месечно по вработен за април и мај, за компании погодени од кризата или 50% од цената на придонесите за секој вработен“; „Паричен надоместок за граѓаните кои изгубиле работно место поради кризата “; „Евтини заеми од Македонската банка за развој пласирани преку деловни банки за заштита на ликвидноста на компаниите“,. Вкупните финансиски алокации за овие мерки беа проектирани на 195 милиони евра и сите беа спроведени

**Третиот пакет мерки** следеше по првите интервенции. Овој пакет вклучува мерки за финансиска поддршка за зголемување на ликвидноста на приватниот сектор, насочен кон критичните економски сектори (како што се туризам и угостителство, транспорт и логистика, агропроизводство итн.), но и општата економија и другите сектори. Исто така, овој пакет вклучуваше мерки за директна финансиска поддршка за граѓани со многу ниски примања, како и поддршка за здравствените работници. Вкупната предвидена финансиска алокација за овој пакет изнесува 355 милиони евра, од кои околу 179 милиони евра се директни буџетски трошоци со фискални импликации, а досега се спроведени 41,3 милиони евра. Повеќето мерки (околу 165 милиони евра) кои сè уште се во фаза на реализација се однесуваат на активностите на Македонската банка за развој кои започнаа со задоцнување заради изборниот.

**Четвртиот пакет мерки** беше усвоен во септември 2020 година во износ од 470 милиони евра, вклучувајќи 31 мерка, со околу 165 милиони евра директни буџетски расходи со фискални импликации. Целта на овој пакет е да се спречи падот на БДП преку зголемена економска активност и јавно трошење создавајќи можности за 4,8% раст на БДП во 2021 година. Пакетот предвидува мерки како директна поддршка на компаниите и граѓаните за економска и социјална стабилност, зајакнување на приватната потрошувачка, како и поддршка на ранливите граѓани, невработени лица, граѓани со многу ниски примања итн.

Со цел спроведување на **Планот за економски раст**, согласно **Законот за финансиска поддршка на инвестициите**, беа доставени 44 барања за нови договори за финансиска поддршка и 11 барања за анекси. Повеќето барања се однесуваат за финансиска поддршка на капитални инвестиции. Процедурите за склучување на Договорите се завршени. Во 2020 година се потпишаа нови договори со 38 компании и 10 анекси на договори со вкупен инвестициски циклус од 53,4 милиони евра. Ова се финансиски средства кои компаниите ги вложуваат во инвестиции и развој како и стекнување конкурентска предност, што носи напредок и развој за нивните вработени, но во време на непредвидливост и светска криза, значи стабилност на нивните работни места и отворање на нови. Од 48-те компании со кои се склучени договори, 38 компании потпишаа нови договори, додека со 10 се потпишани анекс договори. Кумулативно од 2018 година по Законот за финансиска поддршка на инвестициите се потпишани 245 договори со компании. Анализирајќи ја

регионалната распределба на инвестициите по градови, на компаниите кои аплицирале, дистрибуција на помош и поддршка е следна: осум од компаниите (или 21%) се од Скопје и општините кои гравитираат кон Скопје, додека останатите 30 (или 79%) се од останати градови или населени места, како што се Битола, Кочани, Струмица, Прилеп, Тетово, Гостивар, Велес, Куманово, Охрид, Струга, Штип, Боговиње, Виница, Делчево, Кавадарци и Неготино. Најголемиот дел од компании кои аплицираа во 2020 година се мали фирми (до 50 вработени), вкупно 20 (или 53%), по што следуваат средни компании, вкупно 10 (или 26%), па 5 микро компании (13%) и најмалку се големите компании, само 3 (8%). Дополнително на ова, во рамки на третиоит столб од Планот за економски развој, продолжи спроведувањето на Среднорочната програма за поддршка на мали и средни компании и старт уп-и на Фонодот за иновации и технолошки развој. Вкупниот број на поддржани проекти на компании преку **Фондот за иновации и технолошки развој** се искачи на 361 проект со вкупна вредност од 24,7 милиони евра. Кофинансирани грантови за развој на технологија 176 проекти, кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста е 107 проекти, комерцијализација на иновации 76 проекти.

Во делот на поддршка за конкурентност на македонската економија, продолжи со реализација **Стратегијата за конкурентност** и соодветниот акциски план. Со оглед дека оваа стратегија завршува во 2020 година, Република Северна Македонија, во 2018 година, го започна процесот за развој на **Стратегијата за паметна специјализација (S3)**, како сеопфатен модел за одржлив економски раст заснован на капацитетите на ендогеност на индустријата, науката и општеството. S3 треба да ги поврзе и да додаде вредност на Индустриската политика, Стратегијата за конкурентност, Стратегијата за Иновации и стратегијата за истражување и развој

Процесот на развој на стратегијата е многу важен како нов начин на партиципативна форма за соработка за развој на визијата за раст, дефинирање на приоритетни домени за поддршка, дизајнирање патоказ за трансформација за избраните сектори, имплементација на Акциониот план и дизајнираните проекти кои ќе придонесе за раст на избраните домени, меѓусекторска соработка, создавање нови синџири на вредности, нови деловни перспективи засновани на знаење и иновации и воопшто раст на економијата.

Во рамки на проектот за **Локална и регионална конкурентност во туризмот**, во 2020 година се реализирани следните активности. Избрани се три пилот-дестинации и се формираат основни групи на засегнати страни (ГЗС) засновани врз принципите на јавно-приватно партнерство. Секој од трите ГЗС продолжи пошироко да развива процес на управување со дестинацијата, претставниците на две ГЗС отидоа на студиско патување во Словенија за да стекнат знаење и да разменат најдобри практики во врска со ДМО во Словенија, сите три ГЗС работеа на дефинирање и препорачување на применливиот модел на ДМО на нивните дестинации, соодветно и сега ја чекаат одлуката на Кабинетот на ЗПВРСМ за ЕП за формализирање на структурите и институционализирање на ДМО. Ангажиран е правен експерт за проценка,

прегледување и давање препораки за развој и подобрување на националната законодавна и регулаторна рамка во РСМ за вградување на ДМО.

Имплементацијата на **грант шемата** е во добро напредната фаза. Поголемиот дел од спроведувањето на големите инфраструктурни под-проекти се одвива, и постигнати се првични резултати, додека неколку под-проекти кои се спроведуваат се во многу напредната фаза или скоро завршени. Се очекуваат доцнења во реализацијата на некои инфраструктурни под-проекти делумно поради Covid-19, а за некои поради доцнење во потпишување на договори за под-грант. Во однос на малите под-грантови за инвестиции каде што се вклучени под-проекти на здруженија, 60% од вкупниот број на под-проекти се целосно завршени, а за останатите, спроведувањето е во напредна фаза. За микро и мали претпријатија, имплементацијата е целосно завршена за 50% и имплементацијата на другите е во напредна фаза, додека за неколку имплементацијата е во тек и постигнати се првични резултати.

Активностите во рамките на компонентата 2.1. Капацитет на централно ниво, координација и политика се одложени заради ефектите од пандемијата COVID-19. Статусот на планираните активности е следен:

- Специфична обука за МЕ и АППТРСМ - преземени се првични чекори што значи дека процесот на набавка на консултант за обука е завршен и консултантската фирма е избрана;
- Зајакнување на системот за статистика во туристичкиот сектор - преземени се првичните чекори што вклучуваат развој и одобрување на ToR за консултантски услуги;
- Национална стратегија и план за туризам на Република Северна Македонија за периодот 2021-2026 година - преземени се првичните чекори што вклучуваат развој и одобрување на ToR за консултации.

Бидејќи се однесува на зајакнување на капацитетот на приватниот сектор и организациите на граѓанското општество, постигнати се следниве резултати според извештајот за М & Е и ИО.4 Среднорочен индикатор - приватни чинители кои учествуваат во активности за градење на капацитети поддржани од проект (на пр. обука, развој на добавувачи, други) крајната цел од 300 е веќе постигната, па дури и надмината бидејќи е објавено дека 797 приватни заинтересирани страни учествувале во активности за градење на капацитети поддржани од проектот, кои се фокусирале првенствено на управување со дестинацијата, вештини за продажба и промоција, на online маркетинг и комуникација, вештини за лидерство и создавање на локални брендови.

Активностите за градење на капацитети спроведени во рамките на корисниците на под-проектот ќе дадат придобивки на учесниците во секторот туризам за да ги градат своите капацитети и да ги подобруваат туристичките услуги. Во три од 10 дестинации, процесот на управување со дестинациите е развиен на напредно ниво. Сите активности во рамките на под-проектните беа главно насочени кон подобрени туристички услуги и придонесоа за нивните достигнувања.

Во однос на процесот на имплементација на **Целите за одржлив развој**, во 2020 година продолжи работата на Техничката работна група и Советот за одржлив развој. Се одржанаа неколку средби - јавни расправи со засегнати чинители на кои активно учество имаа невладини организации, стопански комори и академската заедница и притоа беа презентирани преземените активности и планираните активности за следниот период. Се изработи Акциски план за забрзување на процесот на имплементација на приоритетни Цели за одржлив развој во Република Северна Македонија за периодот 2019-2020 година; Се подготви **Национален придонес кон имплементацијата на Целите за одржлив развој (National Voluntary Review)**, што претставува волонтерски процес во кој што државата изработи документ со кој ќе ги презентираше преземените активности на состанокот на политичкиот форум на високо ниво на Економско Социјалниот Совет на Обединетите нации, во јули 2020 година; Исто така, во соработка со Секретаријатот за европски прашања се иницираше и спроведе процес на поврзување на (1) Процесот на интеграција во ЕУ – ЕУ Поглавјата и (2) Процесот на имплементација на Агендата 2030- Целите за одржлив развој

Во 2020 година продолжи со реализација и **Проектот за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој**. Во рамки на овој проект се реализираат активности за консолидација на **Советот за рамномерен регионален развој** на Република Северна Македонија и зајакнување на неговата позиција и улога. За оваа цел беше изработена нова Стратегија за рамномерен регионален развој и Нацрт Закон за регионален развој. Исто така, во рамки на овој проект се реализираа активности за подобрување на капацитетите за спроведување на политиката на рамномерен регионален развој на регионалните единици, односно се работеше на воспоставување и функционалност на **Систем за подобрување на меѓуминистерската координација во процесот на планирање, имплементација, М & Е на политиката за рамномерен регионален развој (SiReRa)**, познат како **СиРеРа систем**. Од целата применета методологија за тестирање, т.е. за адаптација на системот SiReRa и неговите функционалности и за усогласување со барањата на тендерската документација, од вкупно 396 тест елементи, заклучно со декември 2020 година, реализирани се сите, а остануваат само 11 што не се целосно задоволителни, односно чие тестирање мора да се финализира по целосно завршување на системот или зависи од други државни ИКТ системи. СиРеРа системот во континуитет се полни со податоци од околу 20 инситуции за околу 30 програми со елементи на регионален развој.

Во поглед на поддршката од странски донатори и фондови, продоложи соработката на Република Северна Македонија со **Зелениот климтски фонд (ЗКФ)** воспоставена со цел успешно справување со предизвиците од климатските промени. ЗКФ е најголемиот фонд во Светот кој им помага на земјите во развој да ги намалат емисиите на стакленички гасови и да ја зајакнат нивната способност за одговор на климатските предизвици. Фондот е формиран од Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени во 2010 година со цел климатско финансирање на земјите во

развој за мерки за ублажување на последиците од климатските промени [mitigation] и мерки за прилагодување кон климатските промени [adaptation]. ЗКФ има клучна улога во имплеменација на Договорот за клима од Париз, поддржувајќи ја целта за одржување на просечното зголемување на температурата на глобално ниво под 2 степени C.

Република Северна Македонија соработува со Зелениот климатски фонд преку две попграми за кои се реализирани активности во 2020 година, односно:

**I. Програма за зајакнување на капацитетите:**

- Воспоставен е национален координативен механизам, институционална рамка и процедури потребни за ефикасен пристап и распоредување на ресурси од Фондот за финансирање на приоритетните потреби на земјата во насока на постигнување зелен развој со ниски емисии и креирање општество отпорно на климата.
- Изработен е економски модел за согледување на ризиците и последиците од климатските промени во секторот земјоделие како еден од најранливите сектори.
- Развиена е проектна апликација за развој на капацитетите на државата за креирање општештво кое ќе овозможи човековиот капитал во државата да биде свесен за и отпорен кон климатските промени, која во втората половина на 2020 беше поднесена до ЗКФ за нивно одобрување.
- Изработено е упатство за вклучување на релевантни чинители, ранливи категории на граѓани и запазување на родовите аспекти во процесите на искористување на можностите на ЗКФ.
- Согласно обврските кон Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени, завршена е првата фаза од процесот на воспоставување на Систем за следење на тековите на климатски финансии во државата, утврдени се можни модели на системот. Во моментот се работи на воспоставување и унапредување на капацитетите на надлежните чинители со цел соодветно да се управува Системот за следење на тековите на климатски финансии во државата.
- Со цел насочено искорисување на можностите за соработка со Фондот, државата започна процес на изработка на стратешки документ Работната програма на Република Северна Македонија за соработка со Фондот. Се очекува истиот да биде финализиран во втората половина на 2021 година.
- Во соработка со Фонот за иновации и технолошки развој, започнати се сет на активности за поттикнување зелени иновации и технологии за климатски промени.
- Во насока на зголемено искористување на можностите од Зелениот климатски Фонд, започнати се активности за утврдување на можен национален ентитет кој би бил акредитиран од Зелениот климатски фонд за директен пристап до финансиите на Фондот.

- Имајќи предвид дека потребно е вклучување на сите чинители во општественото делување во процесот за справување со климатските промени, започнати се и активности за активно вклучување и зајакнување на капацитетите на приватниот сектор во сферата на климатските промени.
- Дополнително, се работеше на проектна апликација за Национален план за адаптација кон климатските промени, која во првата половина на 2021 ќе биде доставена до ЗКФ за нивно одобрување и финансирање.
- Започнаа активности за Дијагностика на капацитетите за хидрометеорологија во Управата за хирдометеоролошки работи. Дијагностиката ќе ја процени ефикасноста и капацитетите на Управата за хидрометеоролошки работи на државата, како и на сите вклучени институции и засегнати чинители кои овозможуваат генерирање на хидрометеоролошки податоци, нивна обработка, како и нивниот придонес во процесите за креирање на политики и донесување на одлуки. Дијагностиката ќе детектира каде се потребни дополнителни зајакнувања и поддршка, вклучително ќе детектира и можности за финансиска поддршка од Алијансата за хидрометеоролошки развој, како и финансиска поддршка од страна на Зелениот климатски фонд и други партнери/ извори.

**II. Инвестициски активности за клима:**

- Продолжи имплементацијата на регионалната иницијатива Програма за зелени градови финансирана со поддрка на ЗКФ. Во рамки на програмата изработена е Акциски план за развој на зелен град за Градот Скопје и истиот е усвоен од страна на Советот на Град Скопје. Дополнително, се работеше на процес на анимирање и вклучување и на други градови во оваа Програма.
- Со цел овозможување дополнителен капитал за воспоставување на национален Фонд за енергетска ефикасност, државата даде согласност за поднесување на предлог-проект до Зелениот климатски фонд за овозможување на директно финансирање потребите за воспоставување и функционирање на националниот Фонд за енергетска ефикасност.
- Во насока на обезбедување дополнителен капитал за приватниот и јавниот сектор за проекти кои се насочени кон климатските промени, во текот на 2020 беше дадена согласност за вклучување на државата во регионална иницијатива за климатски фонд кој ќе биде финансиски поддржан од ЗКФ. Иницијативата беше одобрена од страна на ЗКФ во ноември 2020.
- Дополнително, државата изрази првичен интерес за вклучување во регионална Програма за енергетска ефикасност во објекти, а со цел да се овозможи реконструкција и унапредување на јавните објекти во државата. Воедно, преку оваа Програма се очекува да се креира дополнителна можност за инвестиции за енергетска ефикасност и во приватниот сектор.

## Програма 5 - Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура

Во периодот јануари-декември 2020 година, од аспект на Информациско-комуникациска технологија беа спроведени следните активности:

- се оддржуваше и надградуваше Информацискиот систем и мрежната инфраструктура на ИКТ опремата, нејзината безбедност и заштита од можни напади;
- со примена на мултиплатформскиот систем за електронска седница на Влада беше остварена активна вклученост во информациската поддршка за време на оддржување на седниците на Генералниот колегиум, Комисијата за политички систем, Комисијата за човечки ресурси, Комисијата за економски систем и тековна економска политика, заедничките комисии, како и седници на Владата;
- со ажурирање на потребни податоци активно се применуваше Централниот систем за складирање и управување со документи како и Системот за мерење ефикасност на вработените во јавна администрација;
- на сите вработени во Генералниот секретаријат, Канцеларијата на претседателот на Владата на РСМ како и на кабинетите на министрите, се пружаше помош во информациско комуникациска технологија;
- редовно се вршеше проверка и ажурирање на серверска инфраструктура (Update/upgrade на web сервери, креирање, администрирање, одржување и редовен бекап на владини веб сајтови);
- се организираа и спроведоа обуки за вработените примена на новите ИКТ решенија;
- имплементирани новите функционалности како и направен ре-дизајн на мултиплатформскиот систем за електронска седница на Влада систем;
- имплементиран Проект – системот за следење на програми – ППМС како дел од мултиплатформскиот систем за електронска седница на Влада систем;
- спроведена набавка на софтверски лиценци;
- имплементиран Azure AD и започнато користење на пакетите од Microsoft од страна на вработените.

**Од аспект на управување со човечки ресурси во текот на 2020 година, заклучно со 31.12.2020 година** Генералниот секретаријат пополни образец за „Анкета за слободни работни места“ за трет квартал од 2020 година и го достави до Државниот завод за статистика; Согласно Законот за административните службеници ја спроведе постапката за оценување на административните службеници за 2020 година; Подготви дополнување на предлог Годишен план за

вработување за 2020 година и го достави до Министерството за финансии, Министерството за политички сиситем и односи меѓу заедниците и Министерство за информатичко општество и администрација; Подготви Годишниот план за вработување за 2021 година и предлог на Годишниот план за вработување за 2021 годинаи го достави до Министерство за финансии, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и Министерството за информатичко општество и администрација; Подготви Годишен план за обуки за административните службеници за 2021 година; Изврши измена и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на РСМ како и подготви Извештај со ранг листа за годишни оцени за тековната година;

**Во текот на 2020 година,** административните службеници од Генералниот секретаријат, заклучно со 3**1.12.2020** присуствуваа на обуки од различни области и тоа:
- Ефикасна јавна администрација, Градење капацитети, стратешко планирање, Финансиско образование, ЕУ обуки, Конкурентност, раст и кризи во организација како и студиски посети на држави членки на Европската Унија и Човекови права и финансиска поддршка на инвестиции.

Во текот на **јануари** 2020 година 7 (седум) лица посетиле обука/работилница во областа на „Градење капацитети за Агендата 2030 од Обединетите Нации и подготовка на доброволен национален преглед", 1 (едно) лице учествувало на семинар на тема „Конкурентност, раст и кризи во организација на JVI (Joint Vienna Institute)" и 1 (едно) лице присуствувало на работилница за „Подготовка во Доброволниот Национален Преглед кој Република Северна Македонија ќе го поднесе до Обединетите Нации.

Во текот на **февруари** 2020 година 1 (едно) лице учествувало на семинар на тема „Финансиско образование" во организација на JVI (Joint Vienna Institute), 1 (едно) лице учествувало на обука „Ефикасна јавна администрација, типови на клиенти" во организација на Центар за обука и развој на кадри - КДС, Скопје, 1 (едно) лице учествувало во студиска посета на две држави - членки на Европската Унија, Латвија и Естонија, 1 (едно) лице имало учествуво на работната посета на Владата на Република Естонија, како член на Работната група - Центар на владини институции, 1 (едно) лице во придружба на Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам Борче Петрески, имало учество на работилница за изготвување на Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и реинтеграција на странски терористички борци и нивните семејства.

Во текот на **март** 2020 година 1 (едно) лице присуствувало на студиска посета на две држави - членки на Европската Унија Латвија и Естонија, 2 (две) лица учествувале на регионална работилница „ЕУ за Преспа" и 3 (три) лица присуствувале на обука за млади административци на тема: „Стратешко планирање" организирана од Британскиот Совет и Европска Унија.

Во периодот од **април** до **септември** не се реализирани обуки поради ризикот од ширење на Коронавирус COVID-19.

Во текот на **октомври** 2020 година 1 (едно) лице посетило обука/работилница во областа на „примена на Пристапот заснован на човекови права во сите развојни програми, проекти и активности“. Во **ноември** 2020 година не се реализирани обуки, а во текот на **декемви** 2020 година 7 (седум) лица учествувале на работилница за измена на Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

**Секторот за документација и библиотека** во текот на јануари - декември 2020 година изврши неколку дополнувања на Планот за архивски знаци за 2020, Листата на архивски материјал за 2020 година, Листата на документарен материјал со рокови за негово чување за 2020 година на Владата на РСМ. Подотви План за архивски знаци за 2021, Листата на архивски материјал за 2021 година, Листата на документарен материјал со рокови за негово чување за 2021 година на Владата на РСМ и истите беа испратени на увид до министрите, раководителите на сектори и Комисиите на Владата и други тела, кои имаат организациони единици, согласно Планот на архивски знаци на Владата на РСМ.

Преземањето на архивскиот и документарен материјал се врши тековно, секоја година од 2014 година, а во периодот јануари - јуни 2020 година има преземено архивски материјал кој се однесува на работењето за периодот од 2006 до 2019 година и притоа од Секторите на Генералниот секретаријат има преземено 5644 предмети попишани и во средена состојба. Генералниот секретаријат преку Секторот за документација оваа година издаде публикација под наслов „Анализа на финансиската поддршка за здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 до прва половина 2019 година) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог – модел на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и конфигурирање со ЕУ – проекти во Република Северна Македонија“, а воедно се работи на допопишување на книжен фонд и светки дневни весници и неделни месечни списанија.

## 1.11. ПРОГРАМИ

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2021-2023 година ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и на приоритетите и целите на Генералниот секретаријат. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од нашата мисија и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на визијата на Генералниот секретаријат и на утврдените индикатори на успешност.

Во стратешкиот план се креирани следниве програми:

1. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

2. АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ И КООРДИНАЦИЈА

3. СТРУЧНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА СЕДНИЦИ НА ВЛАДАТА

4. ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ И РЕГУЛАТОРНА РЕФОРМА

5. ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

# 2. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

## 2.1. План за спроведување на Програма 1 - СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **Образложение: Програмата 1 - Стратешко планирање** произлегува од:<br>1. **Стратешкиот приоритет** на Владата на РСМ - Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија, содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, односно **приоритетната цел**: Реформи во јавните финансии, подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно известување |
| 2. НПАА<br>**4. Административни капацитети**<br>4.1.Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација<br>Ц10 Унапредување и координирање на функионалниот процес на стратешко планирање |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>**Унапредување на координацијата на функционалниот процес на стратешко планирање**<br>- подобрување на квалитетот на процесот на стратешко планирање и зајакнување на интеграцијата со буџетскиот процес;<br>- зголемување на институционалните капацитети за подготвување и спроведување на стратешкиот план, евалуација и известување на постигнатите резултати;<br>- одржување на дневна комуникација и соработка со организационите единици за стратешко планирање преку консултативно советодавни работни средби;<br>- подобрување на координацијата на процесот на подготвување и следење на спроведувањето годишната Програма за работа на Владата. |
| **Цел на Програмата:**<br>Подготвување на квалитетни и реално спроведливи стратешки планови на буџетските корисници согласно барањата на новата правна рамка и подобрена имлементација, евалуација и известување во функција на реализација на стратешки приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>- Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на стратешките приоритети и цели на Владата. |

